ДЗР

ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ 2017

„Нема сила што може да биде посилна од силата на законите“

Marcus Tullius Cicero

СОДРЖИНА

15 Ревизорски стандарди и методологија

29 Јавни набавки

9 Буџет на ДЗР

16 Соработка со надлежни органи

30 Јавни набавки

6 Воведно обраќање знаминкот на главниот државен ревизор

12 Структура на вработени

17 Информатичка технологија и ИТ ревизија

35 Основен буџет на Република Македонија

10 Расходи на ДЗР во 2017

19 Ревизорски активности во 2017 низ бројки

8 Мисија и Независност

13 Стратешки документи

26 Ревизорски наоди

42 Државна изборна комисија

43 Инспекцискиот совет

50 Јавните здравствени установи, усогласеност на работењето и вистинитост и објективност на финансиските извештаи

44 Државен архив на Република Македонија

52 Оператор на електропреносниот систем на Република Македонија ад "МЕПСО"

45 Политички партии

54 Локална самоуправа

65 Министерство за локална самоуправа

85 Меѓународна соработка

46 Предвремени парламентарни избори 2016

59 Јавни претпријатија на локално ниво

66 Ревизија на усогласеност

92 Транспарентност

49 Комисија за хартии од вредност

62 Министерство за култура

75 Ревизија на успешност

94 Извештај на независниот ревизор

6 Почитувани,

Ви го претставувам Годишниот извештај на Државниот завод за ревизија за 2017 година, кој на сумарен начин ги прикажува резултатите од нашето работење и утврдените состојби кај субјектите кои беа предмет на ревизија.

Државниот завод за ревизија во 2017 година реализираше програма за работа која ги опфати сите видови на ревизии кои во континуитет кај граѓаните на Република Македонија побудуваат внимание за трошењето на јавните средства.

Со програмата за работа беше заокружена и реализацијата на Стратегијата за развој на Државниот завод за ревизија 2013-2017, насочена кон максимизирање на нашиот придонес во јакнењето на финансиската контрола и одговорност во јавниот сектор на Република Македонија.

Државниот завод за ревизија во 2017 година, произведе 89 извештаи, опфаќајќи 183 субјекти на ревизија од наша надлежност. Извештаите содржат важни информации и бројни препораки кои се од значење за подобрување на финансиското управување и одговорното трошење на јавните средства од страна на субјектите на ревизија. При изборот и дефинирањето на опфатот на ревизиите, се водевме од начелата на транспарентно и наменско трошење на средствата и од квалитетот на услугите кои граѓаните на Република Македонија ги заслужуваат.

Професионалната надградба на вработените се реализираше преку обуки од областа на ревизијата и користењето на новиот системот за управување со ревизиите (Audit Management System). Интерните обуки, бројните учествата на меѓународни семинари, работилници и во кооперативни ревизии со други ВРИ во текот на 2017 година придонесоа за подигање на професионалното ниво на вработените и нивната посветеноста во реализацијата на нашите програмски цели и задачи. На сите нив, искрено им честитам!

На меѓународен план, покрај редовните активности и кооперативните ревизии во кои учествуваше Државниот завод за ревизија, за одбележување е и вмрежувањето во нови работни групи. Крајот на 2017 година беше во знакот на завршните активности од проектот на Државниот завод за ревизија со Канцеларијата на Главниот ревизор на Норвешка насочен кон подобрување на ефикасноста и квалитетот на ревизијата со примена на систем за управување со ревизиите (Audit Management System - AMS) и започнувањето на нов твининг проект за натамошно јакнење на капацитетите на ДЗР (2017-2019) финансиран од Европската унија.

Регулирањето на уставноста на Државниот завод за ревизија и воспоставување на редовен и ефективен механизам за разгледување на ревизорските извештаи во Собранието на Репу-

блика Македонија, по примерот на европската пракса, се наши долгогодишни приоритети и посакуваме да бидат реализирани што поскоро. Тоа ќе овозможи ревизорските извештаи да добијат заслужено внимание во Собранието, а оние кои располагаат со средствата на граѓаните да дадат отчет за нивното трошење.

На крајот ви сакал да потсетам на фактот, дека во 2017 се навршија 20 години од усвојувањето на првиот Закон за државната ревизија (1997) од страна на Собранието на Република Македонија.

Составен дел на Годишниот извештај е и мислењето на независниот надворешен ревизор за финансиските извештаи на Државниот завод за ревизија, за 2017 година.

Заменик на главниот државен ревизор

Насер Адеми

Мисија

Државниот завод за ревизија (ДЗР) е Врховна ревизорска институција во Република Македонија која има за цел навремено и објективно да го информира Собранието, Владата, другите носители на јавни функции и јавноста за ревизорските наоди од спроведените ревизии.
Државниот завод за ревизија обезбедува поддршка на Собранието на РМ во исполнувањето на неговите надлежности преку идентификацијата и презентацијата на неправилностите, случаите на противзаконско работење и можни случаи на корупција и злоупотреба на функцијата.
Преку јасните и ефективни препораки ДЗР обезбедува поддршка на државните институции и корисници на јавните средства за унапредување на управувањето на истите. На тој начин ДЗР придонесува за подобрување на животот на граѓаните на Република Македонија.

Независност

Како независен надворешен ревизор ДЗР врши ревизија на јавните приходи и јавните расходи во согласност со ревизорските стандарди на Меѓународната организација на врховни ревизорски институции (ИНТОСАИ).
Независноста на ДЗР е гарантирана со Законот за државната ревизија, кој за прв пат е донесен во 1997 година и во текот на годините е повеќе пати менуван и дополнуван. Во 2010 година е донесен новиот Закон за државната ревизија кој што претставува понатамошно усогласување со Мексико декларацијата за независност на врховните ревизорски институции и основните принципи на Лима декларацијата за правилата и насоките на ревизијата. Со овој закон се регулира позицијата на ДЗР и законот му дава на ДЗР широк мандат да врши ревизии на регуларност и на успешност, со пристап до сите потребни информации. ДЗР има финансиска независност и овластување да управува со сопствените ресурси. ДЗР има слобода да одлучува за предметот и содржината на ревизиите и има доволно механизми за следење на препораките, за да се осигури дека субјектите соодветно ги имплементирале препораките дадени во ревизорските извештаи.

Буџет на државниот завод за ревизија

Согласно Законот за државната ревизија (Сл.весник на РМ бр. 66/10, 145/10, 158/11, 43/14, 154/15, 192/15, 127/2016) финансирањето на Државниот завод за ревизија се обезбедува од Буџетот на Република Македонија. Потребните средства за работа на предлог на Државниот завод за ревизија ги утврдува Собранието на Република Македонија.

Вкупниот одобрен буџет на Државниот завод за ревизија во 2017 година изнесуваше 94.822.000,00 денари. Од нив, 90.822.000,00 денари или 96% се средства обезбедени од централниот буџет, а останатите 4.000.000,00 денари или 4% се сопствени приходи. Прикажаните сопствени извори на средства на сметката на приходи наплатени од органи, потекнуваат од средства наплатени за извршени ревизии на субјекти, што Државниот завод за ревизија ги има извршено пред усвојувањето на новиот Закон за државната ревизија донесен во 2010 година. Согласно Законот од 2010 година, средствата за работа на Државниот завод за ревизија се обезбедуваат во целост од Буџетот на Република Македонија.

Одобрени средства од Буџетот на РМ по години



Расходи во 2017 година

Од аспект на структурата на расходите на Државниот завод за ревизија, 80% се наменети за плати на вработените, 5% за вршење ревизии на територијата на Република Македонија, 5% за комунални услуги, 8% за други административни расходи и 2% се капитални расходи.

Во текот на 2017 година во Државниот завод за ревизија, паралелно со ревизиите, се одвиваа завршните активностите планирани со проектот МАК-12/0015 „Имплементација на систем за управување со ревизијата". Проектот се финансираше со средства од донација одобрена од Министерството за надворешни работи на Норвешка. Одобрениот буџет во 2017 година за реализација на активностите планирани со проектот изнесуваше 9.775.000,00 денари. Планираните средства беа во целост реализирани за извршување на планираните активности и остварување на целта на проектот: подобрување на ефикасноста и квалитетот на ревизорската работа со примена на систем за управување со ревизијата. Заклучно со 31.12.2017 година успешно заврши реализацијата на Проектот.

Од вкупните расходи од донација, 18% се однесуваат на расходите наменети за обуки и надградба на знаењата и вештините на ревизорите за примена на новиот систем за управување со ревизијата, 38% за други административни расходи и 2% за комунални услуги. Најголем дел, 42% од вкупните расходи, беа наменети за капитални расходи. Од нив, 75% беа наменети за набавка на софтверски решенија за систем за управување со ревизијата (III-та фаза), софтвер за евиденција на ИТ инциденти и софтвер за обработка на видео, аудио и графички материјали. Останатите финансиски средства беа наменети за набавка на неопходната техничка поддршка и надградба на ИТ инфраструктурата во Државниот завод за ревизија која ќе овозможи примена на новиот софтвер за управување со ревизијата.



Структура на вработени

Во текот на 2017 година државната ревизија ја извршуваат 89 вработени, овластени државни ревизори, државни ревизори и вработени во секторите за административна поддршка.
Внатрешната организација на Државниот завод за ревизија е организирана во 3/три/ сектори кои се директно вклучени во процесот на ревизијата (сектори за ревизија) и покриваат различни области од јавниот сектор, 1/еден/ сектор за унапредување на ревизијата и следење на меѓународната пракса за имплементација на меѓународните стандарди, 1 /еден/ сектор за ревизија на информациските системи и 2/два сектори (правни работи и финансиски прашања) за административна поддршка. Воедно, во рамки на организацијата функционираат и 2 /две/ одделенија за човечки ресурси и внатрешна ревизија.
Ревизијата ја вршат 79 ревизори, а 68 вработени поседуваат уверение за овластен државен ревизор.
Од вкупниот број на вработени 99% се со универзитетско образование од областа на економските, правните науки, информатичката технологија и други области, а во континуитет се зголемува и процентот на вработените кои се стекнале со академски степен на магистер.

Едукација на вработените во ДЗР

Согласно стратешките определби на ДЗР и Годишната програма за работа за 2017 година, продолжи континуираното надградување на професионалните и стручни способности на ревизорите и раководниот кадар во институцијата, што придонесува за воспоставување објективен систем за оцена на степенот и квалитетот при исполнувањето на работните задачи.
Обуката на вработените се извршува низ повеќе форми: организирање интерни обуки во рамките на институцијата, со предавачи од вработените и користење на надворешни експерти, обука на работно место, учество на курсеви, семинари, работилници, организирани од работни групи/комитети на INTOSAI и EUROSAI, Европскиот суд за ревизија, СИГМА и други меѓународни професионални организации и асоцијации.
Во 2017 година интерните обуки во ДЗР се реализираат во областите на употреба на системот за управување со ревизиите (AMS) и за размена на искуства од учество во кооперативни ревизии на успешност.

Стратешки документи

Реализација на целите утврдени во Стратегијата за развој на ДЗР 2013 – 2017 обезбедуваат континуирано унапредување на работата на ДЗР, развој и подобрување на квалитетот на извршените ревизии и следење на ефектите од извршените ревизии, унапредување на системот за управување со институционалните капацитети на ДЗР, како и другите цели утврдени со Стратегијата.

Заклучно со октомври 2017 година преземени се голем број на активности за реализација стратешките цели, од аспект на:

- Осигурување на квалитетот на ревизиите, која како постапка за оценка на функционирање на контролите на квалитет, се спроведува на начин утврден во Упатството за осигурување на квалитет на ревизиите. Со извршеното осигурување на квалитет во 2017 година, независниот тим за проверка даде оценка и насоки за да се обезбеди правилна примена на методолошките акти и добрата пракса во ревизиите.
- Надминување на системските слабости утврдени во ревизорските извештаи, со укажување на идентификуваните системски слабости во секој поединечен ревизорски извештај, како и нивно прикажување во Годишниот извештај на Државниот завод за ревизија за 2016 година.
- Започнување со практична примена на електронскиот систем за управување со процесот на ревизијата (AMS), во соработка со Канцеларијата на главниот ревизор на Норвешка (OAGN).
- Унапредување на постојниот систем за финансиско управување и контрола во Државниот завод за ревизија, согласно меѓународните стандарди за внатрешна контрола и Законот за јавна внатрешна финансиска контрола, преку донесување и имплементација на повеќе процедури за значајни процеси.
- Извршување на функцијата на внатрешна ревизија во ДЗР и спроведување на Планот за извршување на внатрешната ревизија за 2017 година.
- Државниот завод за ревизија како член, активно учествува во активностите на EUROSAI Работната група за етика и ревизија и во таа насока оствари контакти со ВРИ на Унгарија со цел споделување на искуства и разгледување на можностите за спроведување на истражување за интегритет во насока на обезбедување на придонес кон превенција на корупцијата во субјектите од јавниот сектор.
- Останатите активности за реализација на стратешките цели во однос на едукацијата на вработените, имплементацијата на меѓународни стандарди на врховните ревизорски институции во методолошките акти и праксата за државна ревизија, соработката со надлежни органи и меѓународната соработка, се образложени во соодветните поглавја на овој Годишен извештај.

Во однос на стратешките цели кои треба да се реализираат во наредниот период, Државниот завод за ревизија започнува со реализација на Твининг проект ИПА 2013 „Понатамошно зајакнување на капацитетите и ефикасноста на Државниот завод за ревизија за вршење на надворешна ревизија", кој ќе се реализира во рок од две години, односно заклучно со септември 2019 година, во соработка со твининг партнерите: ВРИ на Бугарија и ВРИ на Хрватска. Како резултати на проектот, планирани се повеќе активности во однос на подобрување на методолошките акти за ревизија, унапредување на капацитетите за спроведување на ревизиите на регуларност и ревизиите на успешност, особено во областите на ЕУ фондовите, ИТ ревизиите, јавните набавки и јавната внатрешна финансиска контрола, како и препораки за понатамошно унапредување на процесот на соработката со Собранието на Република Македонија.

Согласно утврдените цели во Стратегијата за управување со човечки ресурси на ДЗР, во текот на 2017 година се обезбеди континуирано стручно усовршување и обучување на вработените со што се овозможува висок квалитет во извршувањето на ревизиите и другите сфери на работењето.

Реализацијата на ИТ Стратегијата на Државниот завод за ревизија 2013-2017 во текот на 2017 година продолжи преку континуирано надградување на информациското систем на Државниот завод за ревизија, во согласност со развојот на новите технологии и стандарди. Исто така, се спроведе обука за администрација и одржување на информациското систем, како и обука за вработените за користење на новиот систем за управување со ревизиите (AMS). Врз основа на документот за Политики за безбедност на ИТ системот на ДЗР, во 2017 година беа изготвени и усвоени ИТ Процедури и Процедури за имплементација на AMS.
Во декември 2017 година беше усвоена Стратегијата за развој на ДЗР 2018 – 2022 година, која претставува континуитет на претходната стратегија, со што Државниот завод за ревизија продолжува да чекори по истиот пат и стратешки да се развива потпирајќи се на носечките столбови преточени во стратешки развојни цели, со што се обезбедува континуитет на поголем број активности и се планирани нови, кои ќе овозможат понатамошно унапредување на Државниот завод за ревизија и неговата работа.

Стратешките документи на меѓународните организации на INTOSAI и EUROSAI беа појдовна точка за Стратегијата за развој на Државниот завод за ревизија за наредниот петгодишен период, а во истата се преточени заложбите за промовирање и подобрување на имплементацијата на Меѓународните стандарди на врховните ревизорски институции (ISSAI), за зајакнување на независноста и интегритетот како предуслови за остварување на професионалноста и кредибилитетот во работењето, како и за континуирано следење на ефектите од извршените ревизии и степенот на исполнување на препора-

ките содржани во ревизорските извештаи од страна на ревидираните субјекти.
Исто така, во декември 2017 година е донесена и ИТ Стратегијата на Државниот завод за ревизија 2018-2022, која има за цел да ја зголеми ефикасноста на информацискиот систем на Државниот завод за ревизија и воедно да придонесе во имплементирањето на Стратегијата за развој на Државниот завод за ревизија 2018 - 2022.

Изработката на ИТ Стратегијата се темели на извршената евалуација на претходната ИТ Стратегија 2013 - 2017 и анализата на остварените цели и спроведените активности, како и резултатите од ИТ самопроценките спроведени во соработка со Холандскиот суд за ревизија, како и технолошкиот развој. Целта на ИТ Стратегијата е да се овозможи правилен развој и одржливост на ИТ капацитетите и информацискиот систем, со што би се овозможило давање континуирана и квалитетна поддршка на работењето на ДЗР со користење на ИТ средствата и поддршка на процесите на ИТ ревизија, а преку тоа постигнување на стратешките цели на ДЗР.

Ревизорски стандарди и методологија

Државниот завод за ревизија, во рамки на своите законски надлежности, успешно ја реализира Годишната програма за работа на ДЗР за 2017 година, согласно која се планирани 58 ревизии, од кои 48 се ревизии на регуларност (ревизии на финансиски извештаи и ревизии на усогласеност), 4 се ревизии на успешност и 6 се ревизии на усогласеност.
Изборот на субјектите/проектите/темите за Програмата е извршен согласно Законот за државната ревизија и Упатството за предлагање на ревизии за годишната програма за работа на ДЗР.
Со ревизиите на успешност опфатени се теми од значење за граѓаните на Република Македонија како што се квалитетот на воздухот, заштита на шумите, ефективноста на системот за јавни набавки, финансиската стабилност и јавно приватното партнерство кај единиците на локалната самоуправа.
Имплементацијата на Меѓународните стандарди на врховните ревизорски институции (ISSAI) во методолошките акти на ДЗР, овозможува понатамошен развој на квалитетот на ревизиите.
Согласно извршената анализа за усогласеност со ISSAI стандардите и Стратегијата за имплементација на ISSAI стандардите, во 2017 година продолжи практичната примена на прирачниците за ревизија на регуларност и ревизија на успешност, како и на новиот Прирачник за следење на препораките, со што се обезбеди воедначен пристап и висок

квалитет при извршување на ревизиите, како и методолошка поткрепа за следење на преземените мерки по дадените препораки во ревизорските извештаи.
Во 2017 година започна да се имплементира и Прирачникот за ИТ ревизија, а се имплементираат и прирачниците за ревизија на регуларност на финансиските извештаи на политичките партии и за изборните кампањи, кои се изготвени со цел да се даде методолошка основа и насоки за постапување на ревизорите имајќи ги предвид специфичните потреби на овие ревизии.
Во 2017 година изготвен е нов Прирачник за ревизија на единиците на локалната самоуправа, со што продолжува усогласувањето на методолошките акти на ДЗР со ISSAI стандардите.

Соработка со надлежни органи

Согласно Законот за државната ревизија, Државниот завод за ревизија до Собранието на Република Македонија го достави на разгледување Годишниот извештај за извршените ревизии и за работењето на Државниот завод за ревизија за 2016 година.
На продолжението на Шестата седница, одржана на 6 ноември 2017 година, Собранието на Република Македонија го разгледа Годишниот извештај за извршени ревизии и работењето на ДЗР во 2016 година и усвои заклучоци со кои констатира дека Државниот завод за ревизија во текот на 2016 година реализирал активности во насока на зголемен придонес во јакнење на финансиската контрола и одговорност на јавниот сектор во Република Македонија.

Воедно, во заклучоците Собранието констатира и позитивно ги оценува активностите на ДЗР за извршените проверки на спроведувањето на дадените препораки во ревизорските извештаи, како и потребата субјектите на ревизија да постапуваат по дадените препораки, во насока на подобрување на финансиското работење и одговорно трошење на јавните средства.
Во текот на 2017 година, а согласно обврските утврдени со Законот за државната ревизија, Државниот завод за ревизија до Собранието на РМ ги достави сите конечни ревизорски извештаи.

Соработката на Државниот завод за ревизија со другите надлежни органи продолжи и во текот на 2017 година, а во рамки на реализацијата на Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија за 2017 година, до Јавното обвинителство доставени се 16/шеснаесет/ревизорски извештаи за 12/дванаесет/ субјекти предмет на ревизија, за кои овластениот државен ревизор оценил дека е сторен прекршок/кривично дело.
Државниот завод за ревизија активно соработува со сите државни органи во насока

на спречување и намалување на корупцијата, во рамки на Протоколот за соработка за превенција и репресија на корупцијата и судирот на интереси. Државниот завод за ревизија учествува во реализацијата на Националната програма за усвојување на правото на Европската унија (НПАА) преку активностите предвидени во Поглавје 3.23. Правосудство и фундаментални права, Подрачје – Антикорупциска политика и Поглавје 3.32 Финансиска контрола, Подрачје – Надворешна ревизија, како и во работата на други органи и тела за спречување на корупцијата.

Информатичка технологија и ИТ ревизија

Државниот завод за ревизија го поддржува развојот и употребата на информатичката технологија во ревизијата.

За таа цел обезбедено е непречено функционирање на инфраструктурата на информацискиот систем, како и на имплементирани системи за централизирано чување и размена на податоци, за електронската пошта, системот за архивско работење, системот за внатрешно информирање на вработените, интегрираниот финансиски информационен систем, системот за анализа на податоците од ревизорските извештаи и системот за управување со процесот на ревизија (Audit Management System (AMS). Системите и апликациите се развивани водејќи грижа за начелата и правилата за: достапност на податоците на авторизиран корисник, доверливост, интегритет, безбедно чување на податоците на централна локација, усогласеност со законите, редовно правење на резервна копија (backup), заштита од физички и логички пристап на податоците.

Следејќи го технолошкиот развој, во 2017 година спроведена е постапка за набавка на информатичка опрема преку ИПА фондовите, чија што имплементација е планирана за првата половина од 2018 година. Набавката вклучува персонални лаптоп и десктоп компјутери, сервери, монитори и лиценци за оперативни системи. Надвор од овие средства, преку ЕСЈН набавени се и софтверски алатки: софтвер за евиденција на ИТ инциденти и софтвер за обработка на видео, аудио и графички материјали.

За непречено извршување на ревизорските задачи, обезбеден е интернет пристап, како во просториите на Државниот завод за ревизија, така и при работењето на терен. За дигитално зачувување на ревизорските докази се користат соодветни скенери, додека пристап до информацискиот систем на ДЗР од надворешни мрежи е обезбеден преку соодветни канали (VPN).

Ревизорите користат компјутерски потпомогнати ревизорски техники (CAAT's) во процесот на ревизија, како и IDEA софтвер за анализа на податоците од кои се генерираат финансиските извештаи.

Во 2017 година изготвена и одобрена е ИТ стратегијата на Државниот завод за ревизија за 2018–2022. Воедно, согласно одобрените Политики за безбедност на информациски-от систем на Државниот завод за ревизија, донесени се ИТ безбедносни процедури и ИТ процедури за имплементација на Систем за управување со процесот на ревизија (AMS). Во 2017 година успешно заврши проектот „Подобрување на ефикасноста и квалитетот на ревизорската работа со употреба на систем за управување со процесот на ревизија (Audit Management System-AMS), финансиран со грант од Кралството Норвешка реализиран со техничка помош од Канцеларијата на главниот ревизор на Норвешка. Воспоставена е тест околина, која се користи за тестирање на новите верзии на AMS, како и продукциска околина, која се користи за употреба од страна на ревизорите. AMS е дизајниран, тестиран и имплементиран согласно потребите. Истиот е составен од повеќе модули: модул за годишно планирање, модул за извршување на процесот на ревизија, модул за управување со базата на субјекти предмет на ревизија, модул за размена на информации, модул за дискусија, модул за учење, модул за извештаи и модул за администрирање. Согласно предвидените активности ревизиите од Годишната програма за 2017 година, започнувајќи од 01.03.2017, се реализирани со употреба на AMS. Претходно е организирана обука за вработените во Државниот завод за ревизија за употреба на AMS (за сите корисници на системот).

Ревизијата на информациските системи е дел од ревизиите на регуларност, каде што ревизорот ја вреднува поставеноста и функционалноста на контролите утврдувајќи ги специфичните ризици кај внатрешните контроли со кои се соочува субјектот на ревизија (неовластен пристап, неовластена промена на податоци, потенцијално губење на податоци итн.) за да се увери во веродостојноста, интегритетот и доверливоста на податоците.

Согласно стандардите за ревизија кои ги применува Државниот завод за ревизија се оценуваат политиките и постапките на ИТ опкружувањето на субјектот на ревизија, со цел да се обезбеди уверување дека се воспоставени соодветни контроли и механизми за примена.

Државниот завод за ревизија, со ревизиите укажува на потребата од донесување на стратегија за развој на информациските системи, како и пропишување, одобрување и имплементирање на безбедносни политики и процедури за системите и подобрување на меѓусебната соработка, поврзување на информациските системи и размена на податоци, поврзување на бази на податоци кај определени апликации и контрола на пристап до апликациите.

Со дадените препораки ќе се подобри управувањето со ИТ ресурсите согласно приоритетите за развој на ревидираниот субјект, а воедно ќе се намали ризикот од неефикасна заштита на информацискиот систем, губење или оштетување на податоците, неточност и не веродостојност на записите и неовластен пристап до доверливите податоци.

Ревизорски активности во 2017 низ бројки

89 ИЗДАДЕНИ ИЗВЕШТАИ

79 РЕВИЗОРСКИ ИЗВЕШТАИ ЗА РЕВИЗИЈА НА РЕГУЛАРНОСТ

6 РЕВИЗОРСКИ ИЗВЕШТАИ ЗА РЕВИЗИЈА НА УСОГЛАСЕНОСТ

4 РЕВИЗОРСКИ ИЗВЕШТАИ ЗА РЕВИЗИЈА НА УСПЕШНОСТ

183 РЕВИДИРАНИ СУБЈЕКТИ

1042 РЕВИЗОРСКИ НАОДИ

789 ПРЕПОРАКИ ВО РЕВИЗОРСКИ ИЗВЕШТАИ

16 РЕВИЗОРСКИ ИЗВЕШТАИ ДОСТАВЕНИ ДО ЈАВНОТО ОБВИНИТЕЛСТВО НА РМ

89 РЕВИЗОРСКИ ИЗВЕШТАИ ДОСТАВЕНИ ДО СОБРАНИЕТО НА РМ

258.840 МИЛИОНИ ДЕНАРИ РЕВИДИРАНИ ЈАВНИ ПРИХОДИ

106.671 МИЛИОНИ ДЕНАРИ РЕВИДИРАНИ ЈАВНИ РАСХОДИ

Извршени ревизии и издадени извештаи

Во 2017 година извршени се 58 ревизии (2016 - 45 ревизии) од кои 48 ревизии на регуларност, 6 (шест) ревизии на усогласеност, 4 ревизии на успешност.
Од извршените ревизии издадени се 89 ревизорски извештаи (2016 – 85), од кои 79 извештаи за ревизија на регуларност, 6 извештаи од извршена ревизија на усогласеност и 4 извештаи од извршена ревизија на успешност.

Преглед на извршени ревизии и нивна структура				
Годишна програма на ДЗР	2017		2016	
Вид на ревизија	Број на извршени ревизии и структура			
	Број	Учество во %	Број	Учество во %
1	2	3	4	5
Финансиска ревизија и ревизија на усогласеност	48	83	36	80
Тематска ревизија/ревизија на усогласност	6	10	2	5
Ревизија на успешност/ЗЈВКФ	0	0	1	2
Ревизија на успешност	4	7	6	13
Вкупно извршени ревизии	58	100	45	100



Преглед на издадени извештаи и структура				
Годишна програма на ДЗР	2017		2016	
Вид на ревизија	Број на издадени извештаи и структура			
	Број	Учество во %	Број	Учество во %
1	2	3	4	5
Финансиска ревизија и ревизија на усогласеност	79	89	76	89
Тематска ревизија/ревизија на усогласност	6	7	2	2
Ревизија на успешност/ЗЈВКФ	0	0	1	1
Ревизија на успешност	4	4	6	8
Вкупно извршени ревизии	89	100	85	100



Субјекти опфатени со ревизија

Државниот завод за ревизија со Годишната програма за работа, а согласно утврдените критериуми за избор на субјекти и теми на ревизија, ги дефинира субјектите и областите кои ќе бидат ревидирани на годишно ниво.
Опфатот на државната ревизија од аспект на бројот на ревидираните субјекти, ги опфаќа и субјектите кои задолжително се ревидираат секоја година, согласно Закон.
За постигнување на целите на извршените ревизии, во зависност од тоа дали се спроведува ревизија на регуларност или ревизија на успешност, во текот на 2017 година, со ревизија се опфатени 183 субјекти со сите извршени ревизии. Во следниот преглед е дадена структурата на опфатените субјекти со ревизиите, по видови ревизии:

Преглед на ревидирани субјекти и субјекти опфатени со ревизиите на успешност				
	2017		2016	
Вид на ревизија	Субјекти	Учество во %	Субјекти	Учество во %
1	2	3	4	5
Финансиска ревизија и ревизија на усогласеност	48	26	36	31
Тематска ревизија / ревизија на усогласеност	22	12	9	8
Ревизија на успешност / ЗЈВФК	0	0	1	1
Ревизија на успешност	113	62	72	60
Вкупно субјекти опфатени со ГП	183	100	118	100



Проверки на спроведување на препораките

Во 2017 година Државниот завод за ревизија изврши проверки за утврдување на статусот на дадените препораки во конечните ревизорски извештаи (follow up) издадени во 2016 и 2017 година, во функција на утврдување на степенот на нивно спроведување. Во табелата подолу даден е бројот на извршени follow up проверки и издадени извештаи за утврдување на статусот на дадените препораки во конечните ревизорски извештаи.

Преглед на извршени follow-up проверки			
Ревизии на спроведување на препораките	2017	2016	Вкупно
1	2	3	4
Број на извршени follow -up проверки за утврдување на статусот на дадените препораки во КИ	8	26	34
Број на издадени извештаи по извршени follow -up проверки за утврдување на статусот на дадените препораки во КИ	13	40	53



24

Ревидирани јавни приходи

Вкупниот износ на ревидирани јавни приходи опфатени со извршените ревизии на финансиските извештаи во 2017 година, се прикажани во следниот преглед:

Преглед на ревидирани јавни приходи (во милиони денари)				
Ревидирани јавни приходи во:	2017		2016	
	Приходи	Учество во %	Приходи	Учество во %
1	**2**	**3**	**4**	**5**
Централен Буџет на Р. Македонија	156.315	61	156.493	63
Буџети на единици на локална самоуправа	5.244	2	2.679	1
Буџети на фондови	89260	34	84993	34
Корисници на средства од буџетот на ФЗО (ЈЗУ- болници, клиники....)	1510	1	955	0
Политички партии	598	0	232	0
Јавни претпријатија	640	0	6166	2
Други институции	5273	2	118	0
Вкупно	258.840	100	251.636	100

Во структурата на ревидираните јавни приходи во 2017 година, по годишните сметки за 2016 година, приходите на Централниот буџет на Република Македонија учествуваат со 61% во вкупно ревидираните приходи, буџетите на единиците на локална самоуправа со 2%, буџетите на фондовите учествуваат со 34 %, корисниците на средства од буџетот на ФЗО (ЈЗУ-болници,клиники....) со 1% и ревидираните приходи на други институции учествуваат со 2% во вкупно ревидираните приходи.



Ревидирани јавни расходи

Во структурата на ревидираните јавни расходи во 2017 година, по годишните сметки за 2016 година, расходите на корисниците на Централниот буџет учествуваат со 4% во вкупно ревидираните расходи, ревидираните расходите на единиците на локална самоуправа учествуваат со 5%, ревидираните расходи на Буџетите на фондови учествуваат со 84%, корисниците на средства на ФЗО (болници, клиники...) учествуваат со 1%, расходите на јавните претпријатија учествуваат со 1% и 5% од ревидираните расходи се однесуваат на други институции.

Преглед на ревидирани јавни расходи (во милиони денари)				
Ревидирани јавни приходи во:	2017		2016	
	Приходи	Учество во %	Приходи	Учество во %
1	**2**	**3**	**4**	**5**
Централен Буџет на РМакедонија	4.668	4	18.461	17
Буџети на единици на локална самоуправа	4.955	5	2.400	2
Буџети на фондови	89.260	84	83.017	77
Корисници на средства од буџетот на ФЗО (ЈЗУ- болници, клиники....)	1.497	1	951	1
Политички партии	598	0	217	0
Јавни претпријатија	629	1	3.306	3
Други институции	5.064	5	138	0
Вкупно	106.671	100	108.490	100



Ревидирани расходи по видови буџети во однос на вкупните буџети						
	(во милиони денари)			(во милиони денари)		
	Извршен буџет за 2016	Ревидирано	Учество во %	Извршен буџет за 2015	Ревидирано	Учество во %
1	2	3	4 (3/2)	5	6	7 (6/5)
Корисници и единки корисници на централен буџет (Сл.Весник на РМ 92/24.07.2017)	154.777	12.456	8	160.390	23.073	14
Буџети на Единици на локална самоуправа	30.493	4.955	16	29.251	2.400	8
Буџети на фондови	89.260	89.260	100	83.017	83.017	100
ВКУПНО	274.530	106.671	39	272.658	108.490	40

Ревизорски наоди / констатирани состојби

При спроведувањето на Годишната програма за работа за 2017 година овластените државни ревизори и државните ревизори во ревизорските извештаи констатирале 1042 наоди/состојби при вршење на државна ревизија и тоа:

- 25 наоди со ревизија на Основниот буџет;
- 893 наод со ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност;
- 124 наоди со ревизија на успешност;

Во прегледите подолу прикажано е учеството на наодите по области/теми и видови на ревизии.

1. Ревизија на усогласеност на Основниот Буџет на РМ		
	Вид на наод	Број
1	2	3
1	**Подготовка на Буџетот на Република Македонија**	**1**
2	Извршување на Буџетот на Република Македонија	24
	ВКУПНО	**25**

2. Ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност		
	Вид на наод	Број
1	2	3
1	**Наоди кои се однесуваат на усогласеност со законската регулатива и прописи**	**225**
2	Наоди кои се однесуваат на финансиските извештаи	204
3	Наоди во системот на интерни контроли	39
4	Наоди кои се однесуваат на користење на средствата спротивно на законските прописи	57
5	Наоди кои се однесуваат на јавните набавки	63
	ВКУПНО	588
6	Нагласување на прашања на неизвесност и континуитет	112
7	Останати прашања	186
8	Системски слабости	7

3. Ревизија на успешност		
	Наод	Број
1	2	3
1	**Наоди кај ревизија на успешност, согласно темата на ревизијата**	**124**
	ВКУПНО	124

РЕКАПИТУЛАР НА НАОДИ ВО КОНЕЧНИ ИЗВЕШТАИ		
3. Ревизија на успешност		
	Наод	Број
1	2	3
1	**Ревизија на усогласеност на Основниот буџет на Република Македонија**	**25**
2	Ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност	588
3	Ревизија на успешност	124
ВКУПНО I		737
4	Нагласување на прашања на неизвесност и континуитет	112
5	Останати прашања	186
6	Системски слабости	7
ВКУПНО II		305
ВКУПНО I + II		**1042**



- Ревизија на усогласеност на Основниот буџет на Република Македонија
- Ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност
- Ревизија на успешност

Јавни набавки

Во текот на 2017 година Државниот завод за ревизија во рамките на вршењето на планираните ревизии, ги ревидираше и јавните набавки кај субјектите предмет на ревизија. При увидот во начинот на планирање, спроведување и реализација на јавните набавки, констатирани се 63 наоди кои се однесуваат на следните нерегуларности, односно поднаоди:

Р. бр.	Вид на поднаод	Број на поднаоди
1	2	3
1.	Не спроведени постапки за јавни набавки/извршена набавка пред склучување на договорот за ЈН/извршени набавки по стари договори од минати години	7
2.	Слабости во фазата на планирањето на ЈН (вид на набавки, избор на соодветна постапка, планирани количини, динамика, планирани финансиски средства, доставување на планот до БЈН, измена и дополнување на планот и сл.)	8
3.	Слабости во фазата на донесување на одлука за ЈН	7
4.	Тендерска документација која не ги содржи елементите пропишани со ЗЈН	10
5.	Утврдени критериуми да доделување на договор за ЈН кои не се во согласност со ЗЈН	7
6.	Слабости при евалуацијата на понудите	12
7.	Слабости во фазата на склучување на договори со избраните понудувачи (не склучени договори со избраниот понудувач; склучени договори со цени, услови и останати елементи различни од понудените; потпишување на договорите во рок пократок од законски предвидениот и сл.)	12
8.	Слабости во фазата на реализација на склучените договори по ЈН (гаранции, цени, количини, услови за плаќање и др. услови различни од дефинираните со договорот)	16
9.	Невоспоставени процедури за следење на реализацијата на договорите во целост како од квантитативен така и од квалитативен аспект	6
10.	Делење на набавките/заобиколување на постапките за ЈН пропишани со закон	5
11.	Слабости од технички карактер при подготвувањето на документацијата/досиејата за спроведената ЈН (неуредни и нецелосни евиденции/досиеја, непотпишани/нецелосно потпишани записници/ извештаи/прегледи, математички грешки и сл.)	5
12.	Слабости во спроведување на ЕСЈН (неспроведни, неправилно спроведени)	5

Ревизорски мислења

Основна цел во процесот на ревизијата на регуларност е да му овозможи на ревизорот да изрази мислење за тоа дали:

- финансиските извештаи вистинито и објективно ја искажуваат финансиската состојба и резултатот на финансиските активности и
- активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Согласно поставените цели во ревизорските извештаи, изразени се мислења за финансиските извештаи и за усогласеност со закони и прописи.

Во ревизорските извештаи за финансиските извештаи за 2016 година, изразени се:

- 21% - мислења без резерва (позитивни мислења);
- 27% - мислења со резерва;
- 40% - негативни мислења и
- 12% - воздржување од давање мислење.

За усогласеност со закони и прописи, изразени се:

- 11% - мислења без резерва (позитивни мислења);
- 45% - мислења со резерва;
- 43% - негативни мислења, и
- 1% - воздржување од давање мислење.

Подолу е даден преглед на изразени мислења со структура - за финансиските извештаи и за усогласеност со закони и прописи за 2016 година, содржани во ревизорските извештаи во 2017 година.

Преглед на изразени мислења за финансиските извештаи и за усогласеност со законските прописи				
Годишна програма 2017 година				
Ревизорско мислење	Финансиски извештаи за 2016 година		Усогласеност со закони и прописи за 2016 година	
	Број	Учество во %	Број	Учество во %
Мислење без резерва (позитивно)	17	21	9	11
Мислење со резерва	21	27	37	45
Негативно мислење	32	40	35	43
Воздржување од давање на мислење	9	12	1	1
Вкупно	79	100	82	100

Преглед на изразени мислења за финансиските извештаи



- Мислење без резерва (позитивно)
- Мислење со резерва
- Негативно мислење
- Воздржување од давање на мислење

Преглед на изразени мислења за усогласеност со законските прописи



- Мислење без резерва (позитивно)
- Мислење со резерва
- Негативно мислење
- Воздржување од давање на мислење

Преземени мерки по дадените препораки во ревизорските извештаи

Покрај основната мисија на Државниот завод за ревизија како Врховна ревизорска институција навремено и објективно да ги информира носителите на јавни функции и јавноста за ревизорските наоди од спроведените ревизии, исто така целта на ревизијата е да упатува јасни и ефективни препораки со што ДЗР обезбедува поддршка на државните институции и корисници на јавни средства за унапредување на управување со истите.

Согласно Законот за државна ревизија, законскиот застапник на субјектот е должен да го извести Државниот завод за ревизија и органот надлежен за надзор и контрола, за преземените мерки во врска со наодите и препораките во ревизорските извештаи, во рок од 90 дена од приемот на конечниот извештај.

Државниот завод за ревизија го следи спроведувањето на дадените препораки во ревизорските извештаи во рамки на вршењето на редовни ревизии, посебни ревизии и проверки на спроведување на препораките, како и преку примени информации од субјектите.

По извршените ревизии од Годишната програма за работа на ДЗР за 2016 година, дадени се вкупно 670 препораки, а преземени се мерки по 431 препорака или постапувањето по препораките е 64%.

По извршените ревизии од Годишната програма за работа на ДЗР за 2017 година, Државниот завод за ревизија даде 789 препораки. До денот на подготовката на Годишниот извештај за 2017 година, за 372 дадени препораки не е изминат законскиот рок за известување за преземените мерки. Од вкупно 417 препораки за кои рокот за добивање повратни информации за спроведување е изминат, 108 се целосно или делумно спроведени, односно спроведувањето е во тек, 27 препораки не се спроведени (поврзани со други надлежни органи/надворешни фактори, или несогласувања), за 282 препораки не е доставен одговор, односно од субјектот не е добиена повратна информација за постапувањето по препораките.

Во следните прегледи дадени се податоци за статусните категории на преземените мерки по дадените препораки за 2016 и 2017 година:

СТАТУС НА ДАДЕНИТЕ ПРЕПОРАКИ ВО КИ ПО ГП 2016 И ГП 2017			
ЗА ГОДИШНА ПРОГРАМА 2016 ГОДИНА			
	ОПИС	За ГП 2016	
		Број	Учество во %
1	Препораки по кои е постапено/ Препораки кои се целосно или делумно спроведени или се во тек	431	64
2	Препораки кои не се спроведени (не се преземени мерки поради надворешни фактори, субјектот не се согласува со дадената препорака, поврзано е со други надворешни фактори и сл)	124	19
3	Препораки кои не можат да се спроведат поради изменети околности	16	2
4	Препораки за кои субјектот не дал повратна информација за преземните мерки/не се направени преглед проверки/ ревизорот немал доволно информации за да го потврди статусот на препораката.	99	15
Вкупен број на препораки за кои е изминат рокот од 90 дена за повратна информација		670	100
5	Препораки за кои рокот од 90 дена за доставување на повратни информации не е изминат	0	
ВКУПНО ДАДЕНИ ПРЕПОРАКИ		**670**	



- Препораки по кои е постапено/ Препораки кои се целосно или делумно спроведени или се во тек
- Препораки кои не можат да се спроведат поради изменети околности
- Препораки кои не се спроведени (не се преземени мерки поради надворешни фактори, субјектот не се согласува со дадената препорака, поврзано е со други надворешни фактори и сл)
- Препораки за кои субјектот не дал повратна информација за преземните мерки/не се направени преглед проверки/ ревизорот немал доволно информации за да го потврди статусот на препораката.

ЗА ГОДИШНА ПРОГРАМА 2017 ГОДИНА			
	ОПИС	За ГП 2017	
		Број	Учество во %
1	Препораки по кои е постапено/ Препораки кои се целосно или делумно спроведени или се во тек	108	26
2	Препораки кои не се спроведени (не се преземени мерки поради надворешни фактори, субјектот не се согласува со дадената препорака, поврзано е со други надворешни фактори и сл)	27	6
3	Препораки кои не можат да се спроведат поради изменети околности	0	0
4	Препораки за кои е поминат рокот а субјектот не дал повратна информација за преземните мерки/ревизорот немал доволно информации за да го утврди статусот на препораката/ не се извршени преглед проверки	282	68
Вкупен број на препораки за кои е изминат рокот од 90 дена за повратна информација		417	100
5	Препораки за кои рокот од 90 дена за доставување на повратни информации не е изминат	372	
ВКУПНО ДАДЕНИ ПРЕПОРАКИ		**789**	



- Препораки по кои е постапено/ Препораки кои се целосно или делумно спроведени или се во тек
- Препораки кои не се спроведени (не се преземени мерки поради надворешни фактори, субјектот не се согласува со дадената препорака, поврзано е со други надворешни фактори и сл)
- Препораки кои не можат да се спроведат поради изменети околности
- Препораки за кои субјектот не дал повратна информација за преземните мерки/не се направени преглед проверки/ ревизорот немал доволно информации за да го потврди статусот на препораката.

Основен буџет на Република Македонија

Како најважен инструмент на економската политика, Буџетот на Република Македонија ги одразува очекуваните фискални движења, јавните расходи за финансирање на приоритетните политики и цели, во насока на одржување на економскиот раст и социјалната заштита. При тоа, при утврдувањето на Предлогот на Буџетот на РМ, Министерството за финансии, применувајќи го принципот на буџетска рамнотежа, планирањето на приходите го врши во износи кои реално можат да бидат реализирани и на расходите во износи што се неопходни за финансирање на соодветен обем и квалитет на јавните добра и услуги. Исто така врши проектирање на дефицитот како негативна разлика меѓу планираните односно очекуваните приходи за наплата и одобрените средства односно расходи и негово финансирање. При планирањето на буџетот, Министерството за финансии ги утврдува изворите на финансирање на дефицитот и тоа од странски извори – кредити од меѓународни финансиски институции, кредитни линии наменети за финансирање одделни проекти, еврообврзници и друг вид странско задолжување и домашни извори – емисии на државни хартии од вредност.

Со ревизијата на правилност на Основниот буџет, како годишен план на приходи, други приливи и одобрени средства со буџетот за финансирање на основните надлежности на буџетските корисници за 2016 година, применивме ревизорски постапки со цел да добиеме разумно уверување за тоа дали процесот на **планирањето на Основниот буџет на Република Македонија** е усогласен со стратешките планови на буџетските корисници и буџетската политика, дали остварените приходи и други приливи и извршените расходи и други одливи се во рамките на планираните износи, како и дали воспоставените контролни постапки функционираат ефикасно и правилно за спречување или откривање на грешки во ИТ системите на Царинската управа на РМ, Управата за јавни приходи, како и во Трезорската сметка и евиденцијата.

Со извршената анализа на законските утврдените рокови, констатиравме дека донесувањето на актите, кои се однесуваат на планирањето и донесувањето на Буџетот за 2016 година, отстапува од пропишаните рокови. Имено и покрај ненавременото изготвување и донесување на Фискалната стратегија, Министерството за финансии буџетскиот циркулар за 2016 година го има доставено до министерствата и другите органи на државната управа во законски утврдениот рок, во кои максималните износи на одобрени средства ги има утврдено во рамките на максимално утврдените износи на расходи определени на ниво на буџетскиот корисник за 2015 година, што создава ризик одобрените средства по буџетски корисник да не ги отсликуваат нивните реални потреби за реализација на планираните активности. Исто така, ја истакнавме потребата од изготвување и донесување на стратешки планови, како составен дел на буџетски барања изготвени од страна на одделни државни органи.

Наведените состојби упатуваат на потребата од почитувањето на пропишаните рокови за изготвување и донесување на фискалната стратегија како и потреба од доставување на целосни буџетски барања од страна на буџетските корисници, се со цел донесениот буџет да е во сооднос со реални потреби на корисниците заради реализација на поставените цели.

Извршувањето на Буџетот на Република Македонија ја рефлектира фискалната политика која е реализирана во минатата година, степенот на реализација на утврдените политики и мерки и дава приказ на управувањето со јавните финансии и користењето на истите од страна на корисниците на Буџетот.
Со примена на ревизорски техники извршивме анализа на податоците добиени од Трезорската главна книга, на податоците евидентирани во базата на буџетското сметководство за сметката на основниот буџет, кои се однесуваат на вкупните расходи и други одливи и вкупните приходи и други приливи.

Вкупните расходи и други одливи во 2016 година се извршени во вкупен износ од 139.320.440 илјади денари што е за 5.280.477 илјади денари или 3,65% помалку од планираниот износ. Учеството на одделните видови на расходи и други одливи во однос на вкупно извршените во Основниот буџет на РМ за 2016 година е прикажано во следниот графикон:

Структура на расходите на Основниот Буџет на Република Македонија за 2016 година



Планираните приходи и другите приливи во Основниот Буџет на Република Македонија се основа за утврдување на одобрените средства со буџетот, за финансирање на основните надлежности на буџетските корисници. Начинот на наплата и прибирањето на приходите на сметката на Основниот буџет се уредени со Законот за буџетите, Законот за извршување на буџетот на РМ и други законски и подзаконски акти со кои се опфатени одделните видови на приходи и други прописи.

Во Основниот Буџет на РМ за 2016 година планирани се приходи и други приливи во износ од 144.600.918 илјади денари, а остварени се во вкупен износ од 155.439.988 илјади денари, што е за 7,5% повеќе од планираното, одделно по приходи и други приливи во графиконот подолу:

Планирани и остварени приходи во Основниот Буџет на Република Македонија за 2016 година



Најголемо учество во приходите на Основниот буџет на РМ имаат **даночните приходи** кои во 2016 година остварени се во вкупен износ од 97.336.145 илјади денари и учествуваат со 62,6% во вкупните приходи на Основниот буџет, додека во 2015 година остварени се во износ од 90.341.223 илјади денари и учество со 58 %.

Учеството на поодделните видови приходи и други приливи е прикажано во следниот графикон.

Учество на видови приходите во Основниот буџет за 2016 година



Управата за јавни приходи има значајна улога во обезбедувањето на даночните приходи во Буџетот на РМ и тоа наплата на приходите од персонален данок на доход, данок на додадена вредност и данок од добивка.
Во 2016 година даночните приходи остварени од страна на Управата за јавни приходи се во вкупен износ од 92.575.405 илјади денари и учествуваат со 95,11 % во вкупните даночни приходи на Основниот буџет.
Најголемо учество во даночните приходи имаат приходите по основ на данок на додадена вредност со 47,2%, кои во 2016 година се остварени во вкупен износ од 45.948.574 илјади денари и акцизите со 21,7%, кои се остварени во износ од 21.094.123 илјади денари.
Персоналниот данок на доход учествува со 14,60% во вкупните даночни приходи. Во 2016 година, остварен е вкупен приход во износ од 14.204.751 илјади денари.
Данокот на добивка учествува со 11,06% во вкупните даночни приходи, односно остварени се во износ од 10.768.674 илјади денари.

Во рамките на Управата за јавни приходи воспоставен е Сектор за информатичка технологија кој треба електронски да ги обедини функциите на поврзаноста на внатрешните организациски единици и други институции, да ги следи и координира работите од нивна надлежност и да ја унапредува нивната меѓусебна соработка. Во однос на хардверска и софтверска опрема во тек се активности за осовременување на истата, поради избегнување на можни ризици од прекин на работа на одредени даночни потсистеми и губење на податоци.

Отпочнати се активности за развој, имплементирање и употреба на интегрираниот систем за евиденција и наплата, заради системско подобрување и управување со процесите на работењето. Имено, во временскиот план од Програмата во делот на „Изградба на нов информатички систем", планирани се активности за воведување на нов интегриран ИТ систем, кој ќе обезбеди осовременување на даночните евиденции на Управата за јавни приходи, надминување на проблемите со кој се соочува постојниот систем, безбедна размена на податоци со другите институции и интегрирање на сите даночни приходи во еден систем.

Царинската управа на Република Македонија има надлежност за спроведување на царински надзор, царинска контрола, царинење на стока, истражни и разузнавачки мерки и други работи од областа на царинското работење.
Во текот на 2016 година Царинската управа има остварено приходи во износ од 4.760.740 илјади денари, што во вкупните даночни приходи учествуваат со 4,89 %.

Извршивме ревизија на начинот на издавање, евиденција, наплата и контрола на увозните давачки и акцизите во информационите системи на Царинската управа и констатиравме дека процесите за наплата на царинските увозни давачки се обезбедени со пропишани Процедури и Кориснички упатства. Со увид во начинот на функционирање на системот за наплата на увозните давачки констатиравме дека најголем дел од ризиците се покриени со системски и човечки контроли, со што се обезбедува висок степен на наплатливост на увозните давачки, додека процесот на наплата на акцизи не е автоматизиран и нема интегрираност на податоците. Во тек е имплементација на нов интегриран систем, со кој се очекува да се опфатат сите процеси со кои управува Царинската управа на РМ. Согласно наведеното потребно е Царинската управа на РМ да продолжи со активностите за имплементирање и употреба на интегрираниот систем за наплата, заради системско подобрување и управување со процесите на работењето.

Неданочните приходи во 2016 година се остварени во износ од 4.360.579 илјади денари, додека планирани се средства во износ од 5.350.000 илјади денари. Во 2016 година вредносно најзначајни се неданочните приходи остварени од глоби, судски и административни такси и неданочните приходи од други владини услуги. Со извршената анализа утврдивме дека овие приходи во 2016 година се остварени во помал износ за 1.133.205 илјади денари во однос на 2015 година односно 18,49%.

Со буџетот за 2016 година **капиталните приходи** се планирани во износ од 2.300.000 илјади денари, а остварени се во износ од 2.456.193 илјади денари, односно 6,79% повеќе од планираното. Најголем дел од капиталните приходи кои се остваруваат во Основниот Буџет на РМ се приходи чија реализација, евиденција и контрола над спроведувањето се врши од страна на органите на државната управа, во рамки на нивните надлежности утврдени со закон. Капиталните приходи се приход на Основниот Буџет на РМ како и на единиците на локалната самоуправа, во сооднос утврден со закон.

Задолжувањето во земјата се врши преку издавање на краткорочна или долгорочна хартија од вредност, која ја издава Република Македонија, со цел прибирање на парични средства. По основ на домашно задолжување во 2016 година евидентиран е прилив на средства во износ од 11.115.647 илјади денари и тоа по основ на нето прилив од издадени краткорочни хартии од вредност - државни записи и по основ на издадени долгорочни хартии од вредност - државни обврзници.
Исто така, по основ на задолжување во странство, на сметката на основниот буџет остварени се други приливи во износ од 27.230.077 илјади денари, од издадени државни хартии од вредност на меѓународниот пазар на капитал- еврообврзница на Република Македонија. Приливите по основ на задолжување во странство во 2016 година се зго-

лемени во однос на 2015 година за 66%, поради повисокиот износ на новоиздадената еврообврзница од износот на еврообврзницата издадена во претходната година.
Евиденцијата на наплатата на сите приливи и сите одливи на Буџетот на Република Македонија, на буџетите на општините и други институции согласно со закон се извршува преку Трезорската сметка. Управувањето со Трезорската сметка и другите сметки на државата го врши Трезорот, како организациона единица при Министерството за финансии.

Со примена на ревизорски техники извршивме анализа на податоците во **информациониот систем** воспоставен за потребите на трезорската сметка, при што констатиравме дека и во текот на 2016 година трезорската сметка продолжува да функционира преку две бази на податоци и тоа база на податоци за приливни трансакции за пренос на средства и база на податоци со барања за пренос на средства на сметките на основниот буџет на буџетските корисници. Исто така, извршивме споредба на податоците евидентирани во двете бази со кои управува трезорот и податоците евидентирани во базата на буџетското сметководство, при што констатиравме дека кај одделни расходни и приходни ставки има отстапувања, кои отстапувања произлегуваат од поврат на погрешно или повеќе уплатени средства во основниот буџет како и од извршени прекнижувања помеѓу ставките. За наведените евиденции, а врз база на утврден примерок, приложена е поткрепувачка документација со која се потврдува веродостојноста на наведените трансакции. Горенаведените состојби укажуваат дека воспоставените контроли ги покриваат ризиците во функционирање и управувањето со трезорската сметка во делот на целосноста и точноста во евидентирањето на приливите и одливите на средства во Основниот буџет на Република Македонија.

Во делот на останати прашања ја истакнуваме потребата од доуредување на законската и подзаконската регулатива и тоа во делот на задолжувањето како постапка со која се создаваат финансиски обврски, како и преземање на активности за уредување на начинот на сметководствено евидентирање на отплатите на главнина на достасани државни записи, заради прецизирање на начинот на искажување на податоците за остварените приливи од задолжувањето и за расходите за исплата на главнината за истите, при тоа имајќи го во предвид начелото на парично искажување на податоците во финансискиот извештај Биланс на приходи и расходи.

Државна изборна комисија

Со ревизијата на финансиските извештаи за 2016 година заедно со ревизија на усогласеност, го опфативме редовното работење на Државната изборна комисија како и реализираните активностите за спроведените предвремени парламентарни избори во Собранието на Република Македонија на 11 декември 2016 година, при што утврдивме состојби за кои е потребно преземање на мерки и активности за нивно надминување и тоа:

- уредување на начинот на користење на магацинските простори кои ги користи ДИК и евидентирање на залихите на изборниот материјал во деловните книги;
- недоследности при утврдувањето на висината на надоместокот на претседателот и членовите на изборните органи и изборната администрација за реализација на активностите поврзани со спроведување на предвремените парламентарни избори како и отсуство на целосна поткрепувачка документација за исплата на истите;
- нецелосен попис на средствата и изворите на средства;
- нецелосна евиденција на постојаните средства и обврски во периодот на кој истите се однесуваат;
- недоследности за исплатените надоместоци за користење на автомобил во лична сопственост за службени цели на членови на Државната изборна комисија;
- недоследности во начинот на спроведување на постапките при доделувањето на договори за јавни набавки;
- не е донесено упатство за организирање на гласањето на членовите на избирачките одбори во Дипломатско конзуларни претставништва односно конзуларните канцеларии на Република Македонија во странство.

Во делот на нагласување на прашања за неизвесност или континуитет ревизијата го истакнува начинот на обезбедување на дополнителни средства за потребите на реализација на изборите во 2016 година, како и влијанието на пролонгирање на периодот на конституирање на Собранието на Република Македонија по одржаните избори врз работата на Државната изборна комисија.

Во делот на останати прашања ја обелоденивме потребата од усогласување на законската регулатива во делот на начинот на утврдување на надоместоците за претседателот, неговиот заменик, членовите на Државната изборна комисија и изборната администрација, како и усогласување на законите кои го уредуваат одаточувањето на изборните активности.

Инспекцискиот совет

Инспекцискиот совет врши координирање на работата на инспекциските служби, врши подготовка и следење на примената на методологии и процедури за нивната работа, ги разгледува, дава мислење и ја следи реализацијата на годишните програми за работа како и на работата на инспекторите, бројот и квалитетот на извршените надзори од страна на инспекциските служби, го следи извршувањето на буџетите, дава согласност по актите за внатрешна организација и систематизација на инспекциските служби како и по законите, подзаконските акти и други прописи од областа на инспекцискиот надзор.

Со извршената ревизија на финансиските извештаи, заедно со ревизија на усогласеност, истакнавме одредени **системски слабости** кои се однесуваат на одредбите на Законот за инспекциски надзор и тоа во делот на:

- доуредување на начинот, роковите и динамиката за обезбедување на потребните податоци за регистрите кои ги води Инспекцискиот совет, во насока на обезбедување на целосна евиденција,
- потребно е да се доуреди начинот на определување на работните места, по видови и категории и висината на додатокот на плата во согласност со изложеноста на ризиците при работа,
- доуредување на постапката за утврдување на дисциплинска одговорност на инспекторот, како и преиспитување на можноста за утврдување на распон на дисциплински мерки и видови на дисциплинска одговорност и
- преземање на активности од надлежните органи за усогласување на роковите за доставување на предлог годишните програми на инспекциските служби до Инспекцискиот совет, со законите кои го регулираат работењето на одделните инспекциски служби.

44 Државен архив на Република Македонија

Државниот Архив на Република Македонија како управна организација своите надлежности ги врши согласно Законот за архивски материјал а се однесуваат на заштитата, чувањето, обработката и користењето на архивскиот материјал, како и вршењето на инспекциски надзор врз имателите на архивски и документарен материјал.

Со извршената ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност, констатиравме состојби за кои дадовме препораки за преземање на активности за надминување на истите и тоа во делот на:

- спроведувањето на пописот на средствата и изворите на средствата да се врши согласно законската регулатива;
- преземање на активности за обезбедување на имотен лист за објектот во кој е сместен централниот дел на Државниот архив;
- воспоставување на сметководствена евиденција на градежните објекти во кои се сместени подрачните одделенија;
- изработка на детална пресметка на трошоците на чинење на изданијата кои ги публикува Државниот архив;
- при исплата на надоместоците за користење на сопствено возило за службени цели да се применуваат законските решенија;
- почитување на законската регулатива при спроведување на постапките за јавни набавки;
- постапката за склучување на договор за закуп на градежните објекти да се спроведува согласно законската регулатива и приходите остварени по овој основ да се уплаќаат како приход во Буџетот на РМ и
- доставување на извештај за реализација на проектот "Македонија во странскиот печат во 19 и 20 век" до Министерството за култура.

Исто така ја истакнавме потребата во соработка со надлежните органи да се преземат активности за уредување на постапката на публикување на архивскиот и документираниот материјал, видовите на публикации и начинот на нивно објавување, финансирањето, цена на чинење и како и продажбата на публикации.

Политички партии

Политичките партии се непрофитни, доброволни организација на граѓани, формирани за остварување и заштита на политички, економски, социјални, културни и други права и уверувања и заради учество во процесот на донесување на политички одлуки при учество во власта. Политичките партии своите цели ги остваруваат преку демократско формирање и изразување на политичката волја со учество на избори, како и на друг демократски начин.

Средствата за своето дејствување ги обезбедуваат од јавни и приватни извори на финансирање. Како јавни извори на финансирање, вкупните средства за годишно финансирање на политичките партии се планираат во буџетот на Министерството за правда за секоја фискална година, додека од законски предвидените приватни извори на финансирање, политичките партии во најголем дел средствата ги обезбедуваат од членарини и донации.

Исто така, во насока на остварување на целите и вршење на активностите утврдени со статутот на партијата и со закон, политичките партии имаат право на сопственост на деловен простор, опрема, канцелариски материјал, превозни средства и друг движен имот.

Државниот завод за ревизија како надлежен орган за вршење надзор над финансиско-материјалното работење на политичките партии, континуирано врши ревизија на сметките за редовно работење на најголемите партии во државата.

Ревизијата утврди неправилности особено во делот на обезбедување комплетна документација за потврдување на веродостојноста на евидентираните расходи, благајничкото работење, спроведување на целосен попис на средствата и изворите на средства кој ќе овозможи потврдување на усогласеноста на сметководствената со фактичката состојба, плаќање на обврски од сметката за редовно работење на партијата по направени расходи во изборна кампања или давање позајмици на сметката на изборната кампања.

Ревизијата обелодени и состојби кои се резултат на надворешни фактори и околности што произлегуваат од одредени законски и подзаконски решенија и ги даде следните препораки:

- надлежните органи треба да донесат поконкретни насоки за постапување во однос на признавањето на приходите и расходите според сметководствено начело на модифицирано настанување на деловните промени односно трансакции и нивното евидентирање, како и доуредување и усогласување на подзаконските акти во кои се пропишани сметководствените позиции и сметки за непрофитните организации, а кои предвидуваат и пресметковни позиции чие признавање се темели на сметководственото начело на „пресметковна основа„;
- потребно е надлежните органи да преземат активности за усогласување на подзаконските акти со изворите на финансирање на партиите предвидени со важечката законска регулатива со пропишаниот образец на Годишен финансиски извештај за политичките партии;

- заради воедначено постапување кај сите политички субјекти, потребно е надлежните органи да донесат поконкретни насоки за регулирање на начинот на плаќање, уплата, евидентирање, со цел еднообразност во начинот на нивното сметководствено евидентирање и потврдување на законски утврдениот лимит за секој член одделно и пренос на истите на сметките за изборната кампања и
- да се изврши усогласување на Упатството за распределба на средствата од Буџетот на Република Македонија за годишно финансирање на политичките партии со Законот за финансирање на политичките партии со цел попрецизно регулирање на начинот на финансирање на политичките партии од Буџетот на Република Македонија.

Предвремени парламентарни избори 2016

Со Изборниот законик на Република Македонија воспоставена е правна рамка со која е уредена надлежноста на Државниот завод за ревизија, да ги ревидира финансиските извештаи на учесниците во изборната кампања во Република Македонија. Во финансиските извештаи се изразени приходите како резултат на финансирањето на изборната кампања како и расходите односно трошењето на средствата за целокупниот изборен процес.

За спроведените Предвремени парламентарни избори 2016, извршивме ревизија на вкупните финансиски извештаи кај 11 учесници во изборната кампања. Согласно Изборниот законик, изборната кампања може да се финансира од членарината на политичката партија, од физички и правни лица како и од средства од Буџетот на Република Македонија, додека средствата се трошат за активностите на организаторите на изборната кампања.

Согласно податоците искажани во вкупните финансиски извештаи, за предвремените парламентарни избори 2016, од страна на 11 учесници остварени се следниве приходи и расходи:

Вкупно приходи:	228.912 илјади денари
Вкупно расходи:	235.588 илјади денари
Непокриени расходи:	6.676 илјади денари

Најголем дел од расходите се однесуваат на издатоци за реклама и пропаганда, односно платено политичко рекламирање, како и за изнајмување на простор и опрема. Останатите расходи вклучуваат: трошоци за интелектуални услуги, дневници за службено патување и патни трошоци во земјата, комунални услуги и греење, комуникациски услуги , ПТТ услуги и други трошоци.

Видови на трошоци во изборната кампања за парламентарни избори 2016

Со ревизијата на финансиските извештаи на учесниците во изборниот процес ги констатиравме следниве состојби:

- примени донации од физички лица по поединечни износи кои го надминуваат утврдениот лимит во Изборниот законик, како и различно постапување во однос на повеќе применот износ на донации: уплата во Буџетот на Република, поврат на средствата на донаторот или финансирање на изборните активности,
- користење на позајмици од сметката за редовно работење на партиите, како начин на финансирање на изборната кампања,
- нецелосно уредување на начинот на користење на простории, опрема и возила, сопственост на одделни партии членови на коалиции,
- дел од склучените договори како и доставените фактури не содржат целокупна поткрепувачка документација за потврдување на искажаните расходи за изборна кампања.

Исто така констатиравме состојби, надлежност на други органи во државата, кои имаат влијание врз потврдувањето и верификацијата на искажаните расходи кај учесниците во изборниот процес, меѓу кои позначајни се следните:

- дел од радиодифузерите, печатените и електронските медиуми немаат доставено извештаи за искористен рекламен простор и ценовници до надлежните органи,
- фактурирање на поголем односно помал износ за извршената услуга од страна на радиодифузерите во однос на податоците кои се презентирани во извештаите за извршените услуги и
- согласно Изборниот законик, Државната изборна комисија има надлежност да покренува иницијатива за дисциплинска постапка, поднесува барање за поведување прекршочна постапка, или поднесува кривична пријава до надлежниот орган, за непочитување на оваа обврска.
- Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на Република Македонија согласно Изборниот законик има обврска за следење на изборното медиумско претставување и програмскиот сервис на радиодифузерите и електронските медиуми (интернет порталите). Агенцијата врши целосно мониторирање на политичкото рекламирање само над националните телевизии, додека регионалните и локалните радиодифузери се опфатени со примерок согласно донесена методологија. Поради разликите на опфатот на мониторирање, согласно Изборниот законик и наведената методологија, констатиравме неусогласеност помеѓу податоци добиени од радиодифузерите и податоците од Агенцијата.

Истакнуваме дека во Изборниот законик утврдивме **системски слабости** за кои е потребно преземање на активности за нивно надминување:

- прецизирање на финансирањето на изборната кампања од членарина на политичката партија;
- регулирање на начинот на плаќање на неплатените обврски, во случаи кога во вкупниот финансиски извештај се прикажани повеќе расходи од приходи како и начинот на постапување со неискористените средства на сметката за изборната кампања;
- усогласување на одредбите во Изборниот законик поврзани со роковите за затварање на трансакционата сметка, изготвување и доставување на вкупниот финансиски извештај, рокот за уплата на донациите и рокот за уплата на надоместокот за учество во изборната кампања од Буџетот на Република Македонија;
- пропишување на обврска за правните лица кои стопанисуваат со рекламните паноа, општините во Република Македонија и градот Скопје да изготвуваат и доставуваат извештај за искористените рекламни паноа и средствата кои се платени или се побаруваат по тој основ и
- воспоставување на мониторинг на платеното политичко рекламирање преку електронските медиуми (интернет порталите) како и пропишување на обврска истите да изготвуваат и доставуваат извештај за искористен рекламен простор и средствата кои се платени или се побаруваат по тој основ.

Комисија за хартии од вредност

Комисијата за хартии од вредност е самостојно и независно регулаторно тело со јавни овластувања утврдени во законската регулатива и подзаконски акти. Комисијата го регулира и контролира работењето со хартии од вредност на територијата на Република Македонија, а во рамките на своите законски надлежности и овластувања, се грижи за законито и ефикасно функционирање на пазарот на хартии од вредност и за заштитата на правата на инвеститорите, со цел јакнење на довербата на јавноста во институциите на пазарот на хартии од вредност во Република Македонија.

Извршивме ревизија на финансиските извештаи за 2016 година заедно со ревизија на усогласеност и констатиравме состојби за кои е потребно да се преземат мерки и активности за нивно надминување, меѓу кои позначајни се:

- неизвршено усогласување на актите за внатрешна организација и систематизација на Комисијата согласно законската регулатива;
- со Колективниот договор склучен со Синдикалната организација при Комисијата, на вработените им се дадени поголеми права од правата утврдени со законите кои истите ги уредуваат;
- констатирани се недоследности во начинот на спроведување на пописот на средствата и изворите на средства;
- постои отсуство на уредно, хронолошко, навремено и точно презентирање на податоците во деловните книги врз основа на уредна и комплетна поткрепувачка документација и
- постојат недоследности при постапувањето во начинот на спроведување на постапките при доделувањето на договорите за јавни набавки.

Во делот на Останати прашања ја истакнавме потребата надлежните органи да донесат поконкретни насоки за постапувањето во однос на признавањето на приходите и расходите на Комисијата, според сметководствено начело на модифицирано настанување на деловните промени односно трансакции.
Исто така Собранието на Република Македонија, како орган кој ги именува членовите на Комисијата, потребно е да донесе акт со кој ќе се уреди начинот и висината на утврдување на правото на плата, надоместоци на плата, како и надоместоци за определени материјални трошоци и други примања.

Јавните здравствени установи, усогласеност на работењето и вистинитост и објективност на финансиските извештаи

Здравствената заштита, опфаќа систем на општествени и индивидуални мерки, активности и постапки за: зачувување и унапредување на здравјето, спречување, рано откривање и сузбивање на болести, повреди и други нарушувања на здравјето предизвикани од влијанието на работната и животната средина, навремено и ефикасно лекување и здравствена нега и рехабилитација на граѓаните на Република Македонија. Здравствената заштита се заснова врз единството на превентивните, дијагностичко-терапевтските и рехабилитационите мерки и врз начелата на достапност, ефикасност, континуираност, правичност, сеопфатност и обезбедување на квалитетен и сигурен здравствен третман.

Здравствената дејност е дејност од јавен интерес и истата се врши на примарно, секундарно и терцијарно ниво на здравствена заштита од страна на јавни и приватни здравствени установи.

Со Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија за 2017 година беа опфатени повеќе Јавни здравствени установи на различно ниво а со извршената ревизијата на нивните финансиски извештаи и ревизија на усогласеност за 2016 година меѓу другото утврдивме состојби кои се однесуваат на:

- утврдени недоследности во системот на интерни контроли кој треба да обезбеди разумно уверување за постигнување на целите на Јавните здравствени установи во однос на веродостојноста на финансиското известување, ефективноста и ефикасноста на работењето и усогласеноста со применливите закони и прописи;
- не преземени активности од страна на надлежното министерство за давање на навремени инструкции и согласности на Статутите на Јавните здравствени установи како основа за донесување на актите за организација и систематизација на работните места;
- назначување на вршители на должноста директор на ЈЗУ за период подолг од законски утврдените рокови;

- отсуство на склучен менаџерски договор за уредување на меѓусебните права и обврски помеѓу министерот за здравство и вршителот на должност директор;
- несоодветно постапување со паричните средства наплатени во готово за извршените здравствени услуги;
- неможност на потврдување на вкупно наплатените средства и нивно искажување како приходи во финансиските извештаи;
- недоследности во начинот на спроведување на клиничките испитувања и начинот на распределба на средствата;
- отсуство на воспоставена евиденција на медицинската опрема и воспоставен ефикасен систем на следење и одржување на истата;
- целосно и правилно вредносно и количинско усогласување на средствата;
- презентирање на реалната состојба на залихите како и нивниот потрошок во текот на годината;
- не преземени активности за навремена наплата на побарувањата за извршените здравствени услуги и
- недоследно применување на одредбите од Законот за јавни набавки во постапките за доделување на договорите за јавни набавки, одложување на документацијата и следењето на реализацијата на склучените договори.

За утврдените состојби од страна на ревизијата дадени се препораки за постапување, а нивната имплементација од страна на надлежните органи и одговорните лица во Јавните здравствени уставнови, ќе влијае на подобрувањето на квалитетот на дадените услуги кон граѓаните.

Оператор на електропреносниот систем на Република Македонија АД "МЕПСО"

Акционерското друштво „МЕПСО", како оператор на електропреносниот систем во Република Македонија, врши пренос на електрична енергија и управува со електроенергетскиот систем на Република Македонија и е одговорно за работењето на системот, неговото одржување, развој и поврзување со електропреносните системи на соседните земји и за обезбедување долгорочна способност на системот за задоволување на разумните потреби за пренесување на електрична енергија.

АД „МЕПСО" е државна сопственост и извршува дејности од јавен интерес кои се предмет на регулирање од страна на Регулаторната комисија за енергетика, која издава лиценца како услов за да се отпочне со вршење на дејноста.

Со извршената ревизија на финансиските извештаи за 2016 година и ревизијата на усогласеност кај АД МЕПСО за 2016 година, утврдени се одредени состојби кои имаат влијание на работењето на Друштвото и тоа во делот на:

- развојот и безбедноста на ИТ системот, организацијата, пристапот до ресурсите, водењето на евиденција на софтверските апликации и лиценците со кои располага Друштвото, користењето на апликациите за архивско работење и водењето на трговските книги се во контролно опкружување кое бара преземање на дополнителни активности за непречено функционирање на ИТ системите и заштита на податоците кои ги генерираат истите;
- запишано е заложно право „хипотека" на имот кој е во заедничка сопственост со друг правен субјект без знаење на Друштвото;
- за 95 недвижни ствари со вкупна набавна вредност од 3.624.967 илјади денари не се обезбедени имотни листови од надлежната агенција;
- делегирање на надлежности на лице за склучување на договор за купопродажба на недвижен имот во износ од 4.812.500 евра на кое согласно интерните акти не му се доверени правни работи што преставува услов за постапување согласно Законот за трговските друштва;
- набавен е компјутеризиран деловен информациски систем (БИС) во вредност од 37.813 илјади денари и за истиот не се создадени услови за негово целосно користење;
- не секогаш во постапките за доделување на договори за јавни набавки:
- е обезбедено навремено објавување на огласите во службените гласила на ЕУ;
- се наведуваат критериуми за докажување на економската и финансиската состојба и техничка и професионална способност кои не се предвидени со одредбите на ЗЈН;

- вршени се набавки кои не се содржани во техничките спецификации;
- склучен е договор за јавна набавка во износ од 102.088 илјади денари и покрај тоа што за истиот постигната е најниска цена на електронска аукција во износ од 31.657 илјади денари;
- склучен е договор за изведба на реконструкција и адаптација на фасада за чија реализација се констатирани повеќе недостатоци и пропусти меѓу кои и извршени се редовни работи и вишоци во износ од 87.879 илјада денари кои преставуваат предмет на судска постапка, дополнителни работи во износ од 1.200 илјади денари кои не се регулирани со анекс договор, непредвидени работи во износ од 13.111 илјади денари кои не се уредени со договор, а според информациите од надзорот за завршување на наведените работи потребни се уште 27.558 илјади денари и не е извршено осигурување на објектот;
- склучените договори за заеми од меѓународни кредитори не се реализираат согласно утврдените рокови при што за ненавремено повлечените средства на име провизија платени се средства во износ од 693.993 евра;
- исплатени средства на име регрес за годишен одмор над законски утврденото право во износ од 5.143 илјади денари.

Со цел подобрување на состојбите, ревизијата даде препораки за преземање мерки и активности за надминување на утврдените состојби и обезбедување на соодветно постапување во работењето на АД МЕПСО.

Во исто време истакнуваме дека извршено е обелоденување на одредени состојби кои можат да имаат влијание на работењето на субјектот во иднина, а се однесуваат на:

- начинот на уредување на меѓусебните права и обврски меѓу Друштвото и синдикалната организација и финансирањето на активностите на синдикатот;
- утврдените права на вработените во колективниот договор на ниво на работодавач;
- градење на објекти кои не се во дејноста на Друштвото и нивно давање на други правни лица како донација;
- судски постапки во износ од 743.548 илјади денари во кои Друштвото е тужител и постапки во износ од 2.303.535 илјади денари во кои Друштвото е тужена страна и
- преземени судски постапки од страна на Друштвото и други друштва кои се во државна сопственост во кои Владата на Република Македонија ги врши правата и обврските на Собрание на друштвото, без притоа да се бара соодветно постапување од Владата на Република Македонија во насока на избегнување на трошоците на име надомест на адвокатски услуги, судски такси, вештачења итн.

Дадените препораки од страна на ревизијата, донесените заклучоци од надлежните органи за начинот на постапување на АД „МЕПСО“ и други инволвирани субјекти, како и мерките и активностите кои ќе ги преземат управниот и надзорниот одбор на Друштвото, се во насока да обезбедат надминување на утврдените состојби и обезбедување на усогласеност на работењето со законските, подзаконските и интерните акти.

Во текот на 2017 година, Државниот завод за ревизија изврши ревизија на регуларност за 2016 година кај пет единици на локална самоуправа, општините Центар, Карпош, Кавадарци, Сарај и Студеничани.

Кај општините кои беа предмет на ревизија карактеристично е тоа што и покрај донесен ребаланс на Буџетот има значително отстапување помеѓу остварените и планираните приходи. Имено, при утврдување на приходите општинската администрација не извршила реална проценка на сопствените финансиски ресурси согласно законската регулатива која се базира на реализираните приходи во тековната 2016 година, како и на историските податоци, а со тоа нереално е утврден и максималниот износ на општинските расходи во фискалната година. Ова покажува дека ребалансираниот Буџет, со кој се зголемува проекцијата на планираните приходи на годишно ниво, не се потпира на релевантни податоци за зголемување на приходите, а со тоа и не се почитуваат насоките дадени во буџетскиот циркулар од Министерството за финансии.

Со исклучок на Општина Центар кај останатите општини не е исполнета законската обврска во однос на доставување на Годишен извештај за користење на средствата од надоместокот за утврдување на правен статус на бесправно изградените објекти, до органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на уредувањето на просторот (Министерството за транспорт и врски).

Кај четири од ревидираните општини не е воспоставен систем и процедури за внатрешна ревизија, што не е во согласност со член 23 од Законот за јавна внатрешна финансиска контрола и член 37-а став 2 од Законот за буџетите, поради што постои ризик да не се врши ефикасно управување со јавните средства.

Почести се наодите кои се однесуваат на примена на законите и интерните акти што зборува за се уште неусогласено работење со постојната законска регулатива. Присутни се слабости во делот на трансферите на парични средства до здруженија и фондации, како и исплатата на социјалните надоместоци.

Кај дел од ревидираните единици на локална самоуправа карактеристична е појавата на плаќања за кои не постои комплетна поткрепувачка документација, како доказ дека услугата е извршена односно стоката е набавена.

Кај дел од ревидираните општини се уште не е завршена постапката за процена и евидентирање на имотот доделен со решение од 2000 година од Владата на РМ.

Кај ревидираните општини присутни е појава пописот на средствата и нивните извори на крајот на годината да се изготвува нецелосно.

Системски слабости

Во овој Годишен извештај ќе ги истакнеме системските слабости кои се актуелни кај единиците на локалната самоуправа, а се однесуваат на Законот за даноците на имот, Законот за комуналните такси, Законот за пожарникарство, Законот за градење, Законот за извршување и Законот за спортот. Овие системски слабости имаат финансиски импликации во работењето на единиците на локална самоуправа и сметаме дека надлежните органи треба да преземат мерки за нивно надминување.

Законот за даноците на имот

Согласно член 39 став 1 и 2 од Законот за даноците на имот општините, општините во градот Скопје и градот Скопје редовно треба да ја усогласуваат состојбата на регистарот на недвижности со регистарот кој го води Агенцијата за катастар на недвижности на Република Македонија, а најдоцна до 31 декември во годината, податоците од состојбата на регистрите треба да ги доставуваат до Централниот регистар на Република Македонија и до Управата за јавни приходи – Генерална дирекција.

Не се врши усогласување на податоците во регистарите на недвижен имот на град Скопје и општините во Република Македонија со податоците од Геодетско - катастарскиот информациски систем (ГКИС) на Агенцијата за катастар на недвижности, поради неусогласените основи за евиденција на податоците (регистрите), односно во градот и општините во Република Македонија, даночните обврзници се евидентирани по матичен број и други лични податоци, а во Геодетско - катастарскиот информациски систем на Агенцијата за катастар на недвижности се заведени по катастарска општина и катастарска парцела. Усогласувањето претставува законска обврска на единиците на локална самоуправа, а нивното неусогласување се одразува на комплетноста на податоците кај единиците на локална самоуправа и има финансиски импликации на комплетноста на приходите по овој основ.

За да можат единиците на локална самоуправа целосно, брзо и квалитетно да ја ажурираат базата на податоци за данокот на имот, потребни се компатибилни регистри и софтверска поврзаност со државните органи и институции (Агенција за катастар на недвижности на Република Македонија, Централен регистар, УЈП, и др.институции).

Законот за комуналните такси

Наплатата на **комуналната такса за користење на улици со патнички, товарни моторни возила, автобуси, специјални возила и мотоцикли - тарифен број 9** согласно Законот за комуналните такси, пропишано е да ја врши органот надлежен за регистрација на возилата и да ја уплатува на соодветната уплатна сметка во рамки на трезорската сметка за општината, за општините во градот Скопје и за градот Скопје на чие подрачје е извршена наплатата. Во постојното законско решение не е пропишано во кои рокови треба да се уплати наплатената такса на сметка на општината, обврска за известување на општината за бројот на регистрираните возила во зависност од кубикажата, висината на комуналната такса, за месечниот износ на прибраните средства поединечно и кумулативно. Со постојните законски одредби не е воспоставен систем кој би обезбедил точни податоци на регистрирани возила по работна зафатнина и намена, а од друга страна општините немаат законска обврска да можат да се уверат во точноста и вистинитоста на уплатените средства и комплетноста на приходите по овој основ.

По основ на **комунална такса за улично осветлување**, општините во Република Македонија од страна на ЕВН Македонија АД Скопје не добиваат податоци за:

- бројот на обврзници по категории (број на броила) согласно тарифниот број 10 од Законот за комуналните такси;
- извештај за месечниот износ на прибраните средства поединечно и кумулативно;
- шестмесечен извештај за реалната состојба со бројот на броилата и
- известување за ненаплатени побарувања по основ на оваа комунална такса.

Имено во постојниот Закон за комунални такси не е пропишана обврска на доставување на наведените податоци, а за надминување на оваа состојба од страна на ЕВН Македонија и ЗЕЛС е склучен Меморандум за соработка.
И покрај склученото Меморандум за соработка помеѓу ЗЕЛС и ЕВН Македонија АД Скопје, од страна на ЕВН не се почитуваат договорените обврски од член 6 од Меморандумот за доставување на горенаведените податоци и извештаи. Ефектите од вака воспоставената пракса се рефлектираат на комплетноста и точноста на остварените приходи по овој основ, кои општините ги евидентираат во сметководството единствено како прилив без конкретни податоци за истиот. Со цел да се обезбеди комплетност и транспарентност во наплатата на сопствените приходи на општините, ревизијата смета дека е потребно законодавецот да изврши дополнување на законското решение во функција на надминување на истакнатите слабости.

Законот за пожарникарство

Согласно член 49 од Законот за пожарникарството, за финансирање на активностите на Територијалните против пожарни единици (ТППЕ), град Скопје и општините во Република Македонија имаат можности за остварување на дополнителни приходи од наплатени парични казни за сторени прекршоци од областа на заштита од пожари и експлозии, доброволни прилози и други средства од осигурителните друштва, фондации, правни и физички лица наменети за унапредување на заштитата од пожари и приходи од сопствени извори за извршени услуги. Град Скопје и општините во Република Македонија не остваруваат приходи по овие основи, освен приходот од осигурителните друштва во износ од 2% од наплатените премии за осигурување на моторните возила и осигурување од одговорност од употреба на моторните возила, за кои немаат сознание за висината на средствата што треба да се уплатат по овој основ, ниту пак има законска обврска да се уверат во точноста и вистинитоста на уплатените средства. Недоволната прецизност во дефинирањето во законското решение на другите видови на приходи за финансирање на ТППЕ придонесува за неостварување на приходи по овие основи.
Надлежните органи треба да преземат мерки и активности во насока на допрецизирање на постојното законското решение и дефинирање на другите видови на приходи за финансирање на ТППЕ.

Законот за извршување

Согласно одредбите од член 218 од Законот за извршување[1] чија примена е од 01.01.2017 година односно член 211 од Законот за извршување „ Сл.весник на РМ“ бр.(35/05,50/06, 129/06, 8/08, 83/09, 50/10, 83/10, 88/10, 171/10, 148/11 и 187/13),кој гласи:
„Врз предмети и права на единиците на локална самоуправа не може да се спроведе извршување за наплата на парични побарувања, доколку тие се неопходни за вршење на нивната дејност, односно задачи.
Кои предмети и права се неопходни за вршење на дејноста и задачите на должникот ќе определи претседателот на судот на чие подрачје се спроведува извршното дејство, ако во текот на спроведувањето на извршувањето, странките за тоа прашање не се согласат или инаку се укаже тоа како потреба. “
Користејќи ги одредбите од горенаведените членови претседателите на месно надлежните основни судови донесуваат решенија за износот на парични средства кои се неопходни за вршење на дејностите кои се изземаат од извршување, а се темелат на направени вештачења од вешти лица. При постапувањето во овие случаи не се имаат

[1] Сл.весник на РМ бр.72/16 и 142/16

во предвид одредбите од Упатството за начинот на извршување на налозите за извршување кои ја задолжувааат трезорската сметка или здраствената трезорска сметка, односно сметката на должникот која се наоѓа во рамките на трезорската сметка или здраствената трезорска сметка, донесено од Министерот за финансии како и одредбите од член 210 од Законот за извршување.
Ревизијата смета дека при постапување во овие случаи покрај одредбите од Законот за извршување треба да се имаат во предвид и одредбите од подзаконските акти кои произлегуваат од Законот за платен промет.

Законот за спортот

Финансирањето на активностите од областа на спорт и рекреација, се предвидени во листата на надлежности на општините, согласно член 22 став 1 т. 6 од ЗЛС, меѓутоа не и во надлежности на општините во градот Скопје. Истите се дефинирани во член 15 од Законот за град Скопје, според кој, во работи од јавен интерес не е вклучен спортот како надлежност на општините во градот Скопје, односно согласно член 10 став 1 од истиот закон, оваа надлежност е дадена на градот Скопје.
Од друга страна, во член 22-а од Законот за спортот, утврдени се надлежностите на општините, општините во Град Скопје и Град Скопје, во областа на спортот, меѓу кои се развој на масовниот спорт и рекреативни активности на граѓаните, организирање на спортски приредби и манифестации, одржување и изградба на објекти за спорт, поддршка и унапредување на спортот, спортски клубови и професионални спортски клубови и поддржување на општинските сојузи и Сојузот на спортови на градот Скопје. За нивно остварување, советите на општините и Советот на градот Скопје или комисијата на општината, општината во градот Скопје и градот Скопје надлежна за спортот, донесуваат програми на предлог на општинските спортски сојузи и Сојузот на спортови на градот Скопје. Исто така, според овој член, програмите се финансираат од буџетот на општините и буџетот на Град Скопје, донации и спонзорства, а за исполнување на програмите и роковите утврдени во нив, до советите на општините и Советот на град Скопје, сојузите на спортови на општините и Сојузот на спортови на градот Скопје, поднесуваат извештај.
Согласно наведеното, ревизијата е на мислење дека е потребно усогласување на законските прописи од аспект на попрецизно и појасно дефинирање и разграничување на надлежностите во областа на спортот, за општините во градот Скопје, начинот и условите на донесувањето на посебна програма во рамките на општината, донесена од Советот и финансирањето на ваквите активности од средствата одобрени со буџетот на општината.

Законот за градење

Со измените на Законот за градење во месец февруари и септември во 2014 година со членот 67-а се пропишуваат надлежности на советите на општините, општините во градот Скопје и градот Скопје во делот на донесување на одлуки за пропишување на изгледот на фасадите на еден или повеќе објекти и реконструкција на фасади на колективни станбени згради, но доколку општините утврдат дека тоа е од значење за општината. Во тие случаи инвеститор е општината, без при тоа да се дефинира во кои случаи пропишувањето на изгледот на фасадата на еден или повеќе објекти е од значење за општината. Со одредбите од член 67-а од Законот за градење, на општините се дадени надлежности кои не се во согласност со надлежностите на општините пропишани со одредбите од членот 22 од Законот за локалната самоуправа, кој е системски Закон, без да прецизира и утврди што е објект од значење за општината и како истото се докажува. Овие надлежности освен со Законот за локална самоуправа не се утврдени и не се во согласност со надлежностите на општините во Градот Скопје утврдени во член 15 од Законот за Градот Скопје и членовите од 101 до 104 од Законот за домување.
Ревизијата е на мислење дека со ваквото законско решение постои колизија кај законската регулатива која ги регулира надлежностите на единиците на локалната самоуправа.

Јавни претпријатија на локално ниво

Во 2017 година, согласно Годишната програма за работа извршивме ревизија на регуларност кај три јавни претпријатија на локално ниво: ЈП „Паркови и зеленило“ на Град Скопје, ЈКП „Комуналец“ Кичево и Јавно претпријатие за комунални дејности “Комуналец” Гевгелија.
Со ревизијата кај **ЈП „Паркови и зеленило“** ги утврдивме следните состојби:

- не се воспоставени контролни постапки и механизми за пресметка и исплата на платите на вработените и не е донесена пишана процедура;
- пресметката и исплатата на платите на вработените се врши врз основа на донесени правилници за организација и систематизација на работните места и правилник за плати од 2008 година, кои не се меѓусебно усогласени и не се усогласени со Статутот и Законот за работните односи, како и се применува вредност на бод за кој не е донесен акт од страна на Управниот одбор;

- пописот на краткорочни кредити и заеми од поврзани друштва во земјата и на вложувањата во подружници не е извршен на начин пропишан согласно законските прописи;
- кај градежните објекти, не е извршен целосен попис согласно законските прописи, при што за дел од објектите кои имаат правен статус на бесправно изградени објекти е поведена постапка за легализација која е во тек, а поголем дел од објектите не ги исполнуваат условите и критериумите за нивно категоризирање во објекти;
- начинот на финансирање на активностите за редовно одржување на јавното градско зеленило, се врши врз основа на донесена Одлука, во ноември 2012 година, по процент утврден од Советот на Град Скопје, во висина од 19,5% од наплатена цена на услуга за снабдување со вода за пиење и одведување на урбани отпадни води која одлука требало да биде од времен карактер, а се уште се применува;
- во сметководствената евиденција евидентирани се побарувања и остварен е приход од поврзани друштва (ЈП Водовод и канализација), вредносно усогласување на овие побарувања, како и расходи и приходи по основ на нивно вредносно усогласување и наплата на отпишани побарувања, за кои не постои писмен акт потпишан од двата субјекти;
- основната главнина, искажана и евидентирана во трговските книги и финансиски извештаи, не е запишана во Централниот регистар на РМ, како паричен или непаричен влог на јавното претпријатие, односно нема запишан и уплатен капитал во државна сопственост на име на основачот – градот Скопје;
- во период од 2001 до 2016 година, исплаќани се средства во вид на финансиска помош, на Флораком и Луна ДООЕЛ-и, основани од ЈП „Паркови и зеленило", за кои не постои писмен документ, освен склучените договори за позајмиците во 2015 и 2016 година, со рок на враќање од една година. Исплатените средства до денот на ревизија не се вратени на сметката на јавното претпријатие;
- ЈП „Паркови и зеленило ", како основач/сопственик и единствен содружник, во изминатиот период нема донесено одлука за покривање на загубата искажана во годишните сметки и годишните финансиски извештаи на друштвата Флораком и Луна, со што не е постапено согласно актите за основање и законските прописи и
- начинот на обезбедување на средства за финансирање на комуналната дејност - подигање (изградба) и одржувањето на зеленилото за јавна употреба е регулиран со одредбите од Законот за комуналните дејности и Законот за зеленило, меѓутоа истиот во досегашниот период не се спроведува на начин утврден со законските прописи.

Кај **ЈКП Комуналец Кичево**, јавно претпријатие кои ги покрива сите комунални дејности од јавен карактер ги утврдивме следните состојби:

- не е склучен договор помеѓу градоначалникот на Општина Кичево и директорот на ЈП во кој ќе се утврдат правата, обврските и одговорностите;
- не се изготвува извештај за работењето на ЈП кој треба да содржи податоци за видот и обемот на извршените работи и да се достави до градоначалникот;
- извршувањето на комуналната услуга јавна чистота се врши без соодветна евиденција од која може да се утврди што е извршено во колкав обем и не се изготвуваат и доставуваат фактури до општината за вредноста на извршените работи;
- надоместокот за користење на вода за пиење и испуштање на отпадни води не се уплатува во Буџетот на РМ;
- евидентиран е голем процент на технички и комерцијални загуби на вода, како и карактеристично е фактурирање на потрошок на вода по член на домаќинство (паушално);
- нема целосна евиденција за корисниците на градското пазариште;
- извршувањето на работите со помош на товарни моторни возила се одвива без да се има целосна и потполна евиденција кој го дал налогот за работа, каде и за која намена ќе се користи возилото;
- искажаните побарувања од купувачите не даваат реална слика за бројот и вредноста на тужените побарувања, можноста за наплата на побарувањата, како и побарувања од купувачи за кои се преземени активности за ликвидација или стечај и
- продолжување на рокот на понудите при спроведување на постапките за јавни набавки без да се измени или дополни тендерската документација.

Јавно претпријатие за комунални дејности "Комуналец" Гевгелија е основано за вршење на комунална дејност од јавен интерес на општина Гевгелија: собирање, обработка и снабдување со вода, отстранување на отпадни води, собирање обработка и отстранување на отпад, санација и останати услуги на управување со отпад, нискоградба, складирање и помошни дејности во превозот, услуги поврзани со одржување на згради и дејности на уредување и одржување на животната средина и природата.

Со цел подобрување на состојбите утврдени со извршената ревизија, дадовме препораки за преземање мерки и активности кои се однесуваат на:

- усогласување на одредбите на статутот со законската регулатива;
- распоредување на јавните службеници согласно предвидените бодови за секое работно место и утврдување на висината на вредноста на бодот за пресметување на платите на јавните службеници;

- донесување на сметководствени политики, со кои ќе се уредат специфичните принципи, основи, правила и практики, кои ги применува јавното претпријатие при подготвување и презентирање на финансиските извештаи;
- утврдувањето на основачкиот влог и негово впишување во Централниот регистар на Република Македонија, како капитал во државна сопственост на име на основачот;
- продолжување со отпочнатите активности за утврдување на статусот на објекти кои ги користи за вршење на својата дејност;
- оценка на наплатливоста на побарувањата на крајот на секој период на известување и нивно реално прикажување во трговските книги и финансиски извештаи;
- отстранување на факторите кои придонесуваат за загуба на водата во водоснабдителниот систем, заради реално и објективно фактурирање и наплата на потрошените количини на вода.

Во делот на останати прашања ја потенцираме потребата од преиспитување на одредени состојби кои се од значење за работењето на јавното претпријатие, а кои се однесуваат на надлежните органи:

- донесување на подзаконски акти предвидени во Законот за утврдување на цени на водните услуги, во функција на воспоставување на ефикасен систем на определување на цените на водните услуги и
- преиспитување на одредбите на Законот за извршување и Законот за нотаријат, во деловите кои ја уредуваат постапката на наплата на долгот за комунални услуги.

Со цел подобрување на состојбите ревизијата даде препораки за преземање мерки и активности од страна на одговорните лица и надлежните органи.

Министерство за култура

Министерството за култура како орган на државната управа, а согласно Законот за организација и работа на органите на државната управа ги врши работите што се однесуваат на: следењето, анализирањето и предлагањето акти и мерки за развој и унапредување на културата; организацијата, финансирањето и развојот на мрежата на националните установи и финансирањето на програми и проекти од национален интерес во оваа област, заштитата на културното богатство, издавачката, музичката, сценско-уметничката, филмската, галериската, библиотечната, архивската, музејската и кинотечната дејност, дејноста на домовите на културата и дејноста за посредување во културата, заштитата на авторското право и сродните права, споменичкото одбележување на настани и истакнати личности од национален интерес и надзорот од негова надлежност.

Со извршената ревизија на регуларност за 2016 година ги констатиравме следните состојби :

- објектите" Стар театар" во Скопје, "Музеј на македонската борба за државност и самостојност, музеј на ВМРО и музеј на жртвите од комунистичкиот режим" - Скопје се ставени во употреба пред да се изврши технички прием и изготви извештај за извршен технички преглед од надзорен инженер;
- прифатена е изработка на проект за изградба на Универзална сала, без да се има во предвид дека истиот поради типот на објектот, неговиот облик и габарит, специфичната фасада, како и обемот и видот на предвидените содржини во проектната програма и во идејното решение е неколку пати поскап од првично утврдената вредност, поради што истиот не се реализира;
- согласно изводот од деталниот урбанистички план за Централното градско подрачје на Град Скопје Мал ринг, изградбата на објектот со Скулптурална композиција е со намена култура и ги опфаќа сите видови дејности кои се одвиваат во специјални градби како што се театри, кино сали, музеи, галерии, кинотеки, домови на културата, филхармонии, опери и слично, а овој објект не припаѓа на ниту една специјална градба утврдена во шифрата на намена;
- исплатата на времени ситуации за изградба на Скулптуралната композиција се предвидени од програмата 50- Заштита на културното наследство ставка 482 - Други градежни објекти од каде и се платени, што не е соодветно на намената утврдена со оваа програма. Со тоа се врши незаконска исплата, бидејќи парите не се наменети за заштита на културно наследство, туку за изградба на објект преку кој ќе биде претставен животот и делото на Мајка Тереза;
- по договори склучени со странски добавувач набавена е сценска, светлосна и тонска опрема за потребите на театрите во РМ и извршени се градежни работи за изработка, испорака, инсталација, монтажа, испитување и пуштање во работа на опремата и инсталациите за сценско технолошките системи. Обврските спрема странскиот добавувач се платени со отворање на акредитив во Народна банка на РМ, во кој е вклучен ДДВ;
- изградба на „Театар Велес" во Велес е почната уште во 2008 година, а во 2016 година сеуште се одвиваат активности и се склучуваат договори за непредвидени работи, роковите предвидени во основните договори се пробиени и има голем број на постапки со преговарање за непредвидени работи спротивно на законските прописи;
- од страна на носител на набавката извршени се градежни работи пред да се даде понуда и да се склучи договор за истите за објектот „Театар Велес" во Велес;
- за објектот „Театар Велес" во Велес не е извршен технички преглед, извршен е само интерен технички преглед по фази на ден 02.06.2015 година, со кој се констатирани повеќе забелешки и недовршени позиции. И покрај тоа што театарот е пуштен е во употреба во јуни 2014 година, на истиот се уште се извршуваат градежни работи;

- во Министерството за култура во тек е реализација на 11 капитални проекти за печатење на книги, со вкупна вредност од 557.822 илјади денари, кои се отпочнати од 2009 година и сеуште траат. Ревизијата не се увери од потребата и националниот интерес за печатење на овие книги од причина што на 31.12.2017 година на залиха се чуваат 514.494 книги со вредност од 301.273 илјади денари;
- за распишаниот конкурс за доделување на финансиски средства за проекти од национален интерес од областа на културата не се воспоставени критериуми за определување на висината на средствата кои ќе им се доделат на носителите на проектите. Определувањето на висината на средствата со кој ќе се поддржат прифатените проекти од страна на министерството се врши врз основа на просудување на членовите на комисијата;
- по Годишниот конкурс за доделување на финансиски средства за проекти од национален интерес од областа на културата поодделно по дејности констатирани се одредени слабости во начинот на работењето на комисиите во сите дејности од областа на културата.
- пописот на средствата и изворите на средствата не е извршен согласно пропишаните законски и подзаконски акти, извршен е после завршување на предвидениот рок и не е усогласена сметководствената со фактичката состојба;
- обврските во сметководствената евиденција не се евидентираат навремено во моментот на извршување на услугата, туку во моментот на плаќање на истата, што има за ефект нереално искажување на обврските спрема добавувачите;
- Министерството за култура распишало конкурс за избор на идејно решение за изработка на Скулптурална композиција со доделување на награди и како дел од постапка за доделување на договор за ЈН на услуги за изработка на избраното решение, што претставува комбинација од двете постапки;
- За изградба на објектот Голема концертна сала на Македонската филхармонија, во годишните планови за јавни набавки не се предвидени како повеќегодишни, а во решенијата за нивно спроведување како и во мислењето на Министерството за финансии предвидена е повеќегодишна динамика за нивна реализација;
- Носителите на набавката за утврдените вишоци и кусоци на работи, за објектот Македонска филхармонија, не го известиле договорниот орган за потребата на средства и време за нивно извршување како што е предвидено во договорот и согласно законските одредби.
- Со цел подобрување на состојбите, ревизијата даде препораки за преземање на мерки и активности заради надминување на утврдените состојби.

Во делот Нагласување на прашања за неизвесност и континуитет, ревизијата ја истакна состојбата која се однесува на:

- Изградбата на капиталните објекти трае подолг период и за истите се склучени

повеќегодишни договори, средствата се планираат на годишно ниво и не се предвидени како развоен дел во Буџетот на РМ.

- Од Буџетот на РМ на сметката на МК - Финансирање на дејности од областа на културата уплатени се парични средства во износ од 300.000 илјади денари. Уплатата на паричните средства е врз основа на Одлука на Влада на наменската сметка на Град Скопје на име реконструкција на фасади на објекти во центарот на градот, а истите се од ставката заштита на културното наследство што претставува незаконски потрошени средства.
- Целокупната постапка поврзана со изградбата на Скулптурална композиција не дава јасна слика за карактерот на објектот, а со тоа и почитување на соодветната законска регулатива.

Со цел подобрување на состојбите, ревизијата даде препораки за преземање на мерки и активности заради надминување на утврдените состојби.

Министерство за локална самоуправа

Министерството за локална самоуправа е орган на управа чии законски надлежности се во доменот на функционалноста на системот на локалната самоуправа заради обезбедување на квалитетни и воедначени јавни услуги за граѓаните, како и за рамномерен развој на државата, преку поттикнување на локалниот и на регионалниот развој и прекуграничната соработка.

Со ревизијата на финансиските извештаи и ревизијата на усогласеност кај Министерството за локална самоуправа за 2016 година, констатирано е следното:

- системот на внатрешни контроли не функционира во целост и создава ризик од промена и губење на сметководствените податоци;
- извршени се исплати по разни основи со некомплетна документација;
- во текот на 2016 година не е донесен Стратешки и Годишен план за внатрешна ревизија и не се врши внатрешна ревизија во министерството;
- обврските во сметководствената евиденција не се евидентираат навремено во моментот на извршување на услугата, туку во моментот на плаќање на истата, што има за ефект нереално искажување на обврските спрема добавувачите;
- за рамномерен регионален развој издвоени се 227 милиони денари за 2016 година, што е под законски предвидениот лимит и изнесува 0,04% од БДП. Издвојувањето на помалку средства од Буџетот на Република Македонија за оваа намена не придонесува за намалување на регионалните диспаритети и остварување на рамномерен и одржлив регионален развој ;

- пописот за 2016 година не е спроведен во целост и не се почитуваат одредбите од Правилникот за сметководство на буџетите и буџетските корисници;
- Министерството, во име на Владата на РМ, на 27.12.2016 година склучило Договор за споделување на трошоци помеѓу Владата и Програмата за развој на обединетите нации (UNDP), за проектот „Иновативни решенија за подобар пристап до услуги на локално ниво". Договорот е склучен во периодот на донесување на Одлуката за распишување на избори до завршување на изборот на пратеници во Собранието на Република Македонија и изборот на Владата на Република Македонија. Со финансиските средства управува UNDP во согласност со регулативите, правилата, политиките, внатрешните и надворешните процедури на ревизија на UNDP.

Со цел подобрување на состојбите, ревизијата даде препораки за преземање на мерки и активности за надминување на утврдените состојби.

Ревизија на усогласеност

1. Преземање на финансиски обврски и финансиска нестабилност кај единиците на локална самоуправа

Согласно годишната програма за 2017 година извршивме **ревизија на усогласеност** на тема Преземање на обврски и финансиска нестабилност кај единиците на локална самоуправа.

Со ревизијата ги опфативме сите општини преку прашалници, Министерството за локална самоуправа и Министерството за финансии - Сектор буџет и Сектор трезор во рамки на нивните надлежности утврдени со законската регулатива. На прашалниците одговор добивме од 95% од општините во Република Македонија, односно од 77 општини. При тоа избравме 12 општини во кои ревизијата ја спроведовме со техники на проверка на документација и прибирање на докази и тоа: Куманово, Зелениково, Градско, Неготино, Берово, Пехчево, Желино, Боговиње, Тетово, Делчево, Зрновци и Карбинци. Со ревизијата го опфативме периодот од 2012 до 2016 година, а за одредени прашања периодот заклучно со мај 2017 година.

Со извршената ревизија ги утврдивме следните состојби:

- карактеристична е состојбата на нереално планирање на буџетите, со значително отстапување на планираните во однос на реализираните приходи и тоа: за 2012 година буџетираните приходи се реализирани со 64%, за 2013 година со 61%, за 2014 година со 63%, за 2015 година со 65% и за 2016 година со 60%;

- И по извршените ребаланси на буџетите не се надминуваат состојбите на неусогласеност на планираните и реализирани приходи. Има општини кај кои и покрај минималната реализација на буџетот не се изготвува и донесува ребаланс на буџетот. Нереалното планирање на буџетите е карактеристика и во донесените Програми за одделни дејности кои се во надлежност на општините, кои и покрај неостварувањето на буџетите не се менуваат и не се намалува обемот на утврдените плански активности/работи, а тоа од друга страна им овозможува на градоначалниците да спроведуваат постапки за јавни набавки и да преземаат обврски иако нема реална можност од обезбедување на средства .
- учеството на неизмирените обврски спрема добавувачите на 31 декември од 2012 до 2016 година, во однос на остварените приходи по години на ниво на општини, се движи од 25% до 44%, а учеството на неизмирените обврски по долгорочни позајмици и кредити на 31 декември од 2012 до 2016 година во однос на остварените приходи по години на ниво на општини се движи од 11% до 18%;
- постои разлика на податоците за краткорочните обврски спрема добавувачите и долгорочните обврски по разни основи, презентирани во прашалниците кои беа доставени до општините од страна на Државниот завод за ревизија, со податоците искажани во Билансите на состојба и податоците доставени од општините во кварталните извештаи до Министерството за финансии и во сметководствената евиденција на општините ;
- пописот на обврските спрема добавувачите најчесто претставува спецификација на салда со состојба на 31 декември за годината за која се врши пописот, без да биде утврден правниот основ, односно документацијата од која истите произлегуваат и датумот/годината од кога потекнуваат;
- во врска со примената на одредбите од Законот за финансиска дисциплина по однос на роковите за плаќање на обврските кон добавувачите, утврдивме дека кај дел на општините не се применуваат одредбите од Законот, а кај општините со блокирани сметки не постојат реални можности за примена;
- ниту една од општините кај кои се исполнети услови за финансиска нестабилност не постапила во согласност со Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа, бидејќи не прогласиле финансиска нестабилност и не ги презеле потребните активности;
- утврдените средства со Решение за износот на парични средства неопходни за вршење на дејноста на општините, кои се изземаат од извршување, донесени од претседателите на Основните судови месно надлежни, се во износи кои не овозможуваат наплата на износите по извршните налози по кои се блокирани сметките на општините;
- од 14 блокирани општини, 11 општини се со статус блокада и утврден лимит со решение на судот;

- кај 3 општини утврдивме дека процент на учество на лимитот во вкупно реализираните приходи на општините е поголем, односно кај една општина утврдениот лимит на годишно ниво е за 34% поголем од вкупните реализирани приходи на годишно ниво, кај друга за 28% и кај третата општина за 4%;
- општините кои ги исполниле условите за финансиска нестабилност и покрај таквата состојба, имаат започнато нови капитални проекти, имаат нови вработувања и унапредувања на постојните вработени, а присутна е и појавата да вршат плаќање на обврските спрема добавувачите со пресметки (цесии, компензации и сл.), со што нивното работење е спротивно на законската регулатива;
- вкупната задолженост на општините со блокирани сметки со мај 2017 година изнесува 2.035.715 илјади денари утврдена според вкупниот износ на налозите за извршување, а каматата е пресметана во износ од 410.078 илјади денари. Каматата е пресметана од Народна банка на Република Македонија до денот на изготвување на спецификацијата. Конечниот износ на истата ќе биде утврден со целосната реализација на налозите за извршување;

- на ниво на општини вкупното задолжување по налози за извршување за период 2012-2016 година изнесува од 1.253.723 илјади денари во 2012 година, а 2016 година 1.900.685 илјади денари, односно констатиравме поголема задолженост на општините во РМ во 2016 година во однос на 2012 година за 51,6%;
- има општини кои се со блокирани сметки од 2005 година односно 2008 година, а кои влегле во втора фаза на фискална децентрализација иако не ги исполнувале законски пропишаните услови и
- дел од општините кои користеле позајмици од Буџетот на Република Македонија вршеле враќање на позајмените средства, но поголем број на општини не ги вратиле позајмените средства, иако рокот за тоа е изминат.

За надминување на утврдените состојби ревизијата даде препораки до надлежните органи на локално ниво и надлежните министерство бидејќи состојбата е алармантна, а не се преземени мерки за надминување на истата.

2. Утврдување, наплата и користење на надоместоците кои се должни да ги подмируваат операторите на инсталациите чие работење влијае на животната средина

Заштита и унапредување на животната средина е систем на мерки и активности (општествени, политички, социјални, економски, технички, образовни и други) со кои се обезбедува поддршка и се создаваат услови за заштита од загадување, деградација и влијание на/врз медиумите и одделните области на животната средина (заштита од осиромашување на озонската обвивка, спречување на штетната бучава и вибрации, заштита од јонизирачко и нејонизирачко зрачење, заштита од непријатната миризба и користење и депонирање на отпадоците и друг вид на заштита на животната средина).
Работите од областа на животната средина ги извршува Министерството за животна средина, односно Управата за животна средина, која е надлежна за издавање на еколошките дозволи, утврдување на надоместоците кои се должни да ги плаќаат операторите на инсталации кои имаат влијание на животната средина и водење на Регистарот на издадени дозволи. Водењето на Катастарот на животна средина, Регистарот на загадувачи и мониторингот на животната средина се во надлежност на Македонскиот информативен центар - сектор во Министерството.

Согласно Законот за животната средина операторите со инсталации чии активности имаат влијание на животната средина, се должни да обезбедат интегрирана еколошка дозвола (ИЕД) или дозвола за усогласување со оперативен план (ДУОП) како услов за продолжување, односно отпочнување на работата на инсталацијата, до исполнување на условите за добивање на ИЕД.
Дозволата се издава како А-ИЕД од страна на Министерството или Б-ИЕД, од страна на општината или градот Скопје. Кога се работи за инсталација која се наоѓа во заштитено подрачје, ја издава Министерството.
Со извршената ревизија на утврдување, наплатата и користењето на надоместоците кои се должни да ги подмируваат операторите на инсталации кои имаат влијание на животната средина, констатиравме дека:

- годишниот надоместок за поседување дозвола и редовен надзор во дел од пресметките не е точно и целосно утврден поради недоволно ефикасен систем на внатрешни контроли, недоволна прецизност на законските и подзаконски одредби, како и поради различна и несоодветна примена на истите;
- дозволите, измените и преносите на истите, како и решенијата за надоместок не секогаш се издаваат и евидентираат соодветно и навремено поради што отсуствуваат целосни информации и не се врши редовно пресметување, следење и наплата на соодветниот надоместок;
- голем број оператори на инсталации не го запазиле законскиот рок за реализација на оперативните планови и премин од ДУОП во ИЕД, што влијае на квалитетот на животната средина и на приходите на Министерството;
- не е воспоставен Национален информативен систем кој би ги опфатил сите податоци и не е пропишана формата за начинот на водење и прибирање на податоците за истиот, ниту има целосни податоци во Катастарот за животна средина и Регистарот на загадувачи;
- не се обезбедени потребните средства и стручни кадри за акредитација на Централната и Калибрационата лабораторија при Министерството;
- воспоставената евиденција на побарувањата по основ на утврдените надоместоци не е комплетна, точна и ажурна, не се изготвува извештај за старосна структура на побарувањата и не се преземаат активности за навремена наплата на истите;
- најголем дел од искажаните побарувања во деловните книги се однесуваат на побарувања од три оператори на инсталации и истите не ја одразуваат реалната состојба на ненаплатени побарувања поради неможност за наплата на побарувањата од стечајна маса и неевидентирани изјави за компензација со операторите на инсталации;
- средствата од уплатениот годишен надоместок за поседување дозвола и за редовен надзор на инсталацијата не се користат за намените предвидени со законот туку за финансирање на проекти и други активности предвидени со годишните Програми за инвестирање во животната средина;
- најголем дел од предвидените средства со годишните Програми за инвестирање во животната средина се наменети за активности за заштита, зачувување и подобрување на квалитетот на водите, помал дел за активности за подигање на јавната свест, едукација и обука и поттикнување образовни, истражувачки и развојни студии, програми и проекти и воопшто не се предвидуваат средства за заштита и унапредување за подобрување на квалитетот на воздухот, санирање и изградба на депонии за отпад, преработка и селектирање на отпадот ниту за други области од животната средина;
- објавените критериуми во јавните конкурси не обезбедуваат доволно конкурентност и објективност при евалуацијата и изборот на апликантите и проектите/програмите за кои ќе се користат средствата;

- отсуствува целосен мониторинг и контрола дали средствата доделени за проектите се користат согласно склучените договори и постои ризик средствата не секогаш да се користат за поттикнување, зачувување, заштита и унапредување на животната средина.

За надминување на утврдените состојби дадени се препораки за преземање соодветни мерки и активности кои се во насока на обезбедување на соодветни средства потребни за заштита на животната средина и обезбедување на одржлив развој – задоволување на потребите за здрава животна средина на сегашните генерации, без притоа да се загрозат правата на идните генерации да ги задоволат сопствените потреби.

3. АГЕНЦИЈА ЗА ВРАБОТУВАЊЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Во насока на олеснување на процесот на вработување на инвалидни лица Република Македонија во рамките на Агенцијата има формирано посебен фонд преку кој се врши доделување на средства за финансирање на работите за подобрување на условите за вработување и работење на инвалидни лица, адаптација на работното место, придонес за пензиско и инвалидско осигурување, придонес за здравствено осигурување и придонес за вработување за вработеното инвалидно лице, придонес за пензиско и инвалидско осигурување за сите вработени во заштитното друштво и набавка на опрема.

Државниот завод за ревизија изврши **ревизија на усогласеност на активностите и мерките преземени од корисниците на средствата на Посебниот фонд кај Агенцијата за вработување на Република Македонија за 2016 година** и со извршената ревизија кај Агенцијата утврдени се следните состојби:

- Постои потреба од надминување на одредени слабости и недоречености кај законските и подзаконските акти, кои го уредуваат доделувањето и користењето на средствата од сметката на Посебниот фонд, со што би се овозможило еднаков пристап во начинот на доделување на средствата и нивно наменско користење;
- Не се обезбедени средства од Буџетот на Република Македонија, по основ на уплатени ДДВ и царини од страна на заштитните друштва, како еден од изворите за финансирање на Посебниот фонд;
- УО на Агенцијата ненавремено одлучил за дел од барањата за доделување на неповратни средства од Посебниот фонд, поднесени во минатите години, при што во некои случаи задоцнувањето било од една до три години;

- Иако во 2011 година истекол мандатот на Комисија за донесување на Наод и мислење за определување на работите кои може да ги извршува инвалидното лице на соодветното работно место, таа продолжила да ја врши својата функција, што влијае на валидноста на издадените Наоди и мислења. Во голем дел од издадените Наоди и мислења утврдено е дека не се остварува непосредна средба со инвалидното лице како што е предвидено со одредбите од подзаконскиот акт кој го уредува начинот на нивното донесување, со што се намалува објективноста во проценката на состојбите и наодот изготвен од Комисијата и
- Отсуствуваат надзорни активности над спроведувањето на одредбите на Законот за вработување на инвалидни лица и инспекциски надзор кој се однесува на посебните услови за вработување и работење на инвалидното лице во заштитните друштва и трговските друштва кои вработуваат инвалидни лица.

За надминување на констатираните состојби дадени се препораки во извештајот, по кои очекуваме надлежните органи и одговорното лице на Агенцијата да преземат мерки и активности за нивно надминување.

4. ФОНД НА ПЕНЗИСКОТО И ИНВАЛИДСКОТО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА

Државниот завод за ревизија изврши **ревизија на усогласеност на јавните набавки кај Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија за 2016 година.**

Со извршената ревизија констатиравме одредени состојби и тоа:

- Системот на интерни контроли во процесот на планирање на јавните набавки се спроведува без процедура за утврдување на годишните потреби поткрепени со изготвени анализи, целосни и усогласени насоки за постапувањето во делот на приоритетите во набавките и иницирање од страна на организационите единици. Намалените контролни активности на Одделението за јавни набавки создаваат ризик од настанување на одредени пропусти при спроведување на постапките за јавни набавки, од кои дел од во текот на ревизијата се надминати;
- Планирани се и спроведени постапки за јавни набавки за кои ревизијата не обезбеди доволно докази за утврдување на приоритетите и потребата од нивна набавка;

- Извршени се набавки на угостителски услуги без да се спроведат соодветни постапки за јавна набавка;
- За одредени јавни набавки при дефинирање на критериумите од техничката спецификација и докажување на техничка и професионална способност не е поставен минимален критериум определен со подзаконски акт од областа и нема истоветност со критериумите наведени со анализата на пазарот во целост ;
- При спроведување на одделни постапки за набавка на услуги комисијата за јавни набавки (КЈН) во фазата на евалуација на понудите при проверка на валидноста и комплетноста на документацијата за утврдување на способност на понудувачите нема побарано од понудувачите да ги појаснат или дополнат документите;
- Кај постапките за јавна набавка кај кои е остварено намалување на цените по спроведената електронска аукција воспоставена е пракса, договорот за јавна набавка да се склучи со избраниот најповолен понудувач без да достави понуда со намалена вкупна цена/цени по ставки во однос на првично понудената. Со спроведување на постапките за 2017 година преземени се активности за надминување на констатираните слабости;
- Склучен е договор за набавка на електрична енергија во износ поголем од постигнатата цена на е-аукција, односно вредноста на договорот е во висина на проценетата вредност утврдена со Одлуката за јавна набавка. Во текот на вршење на ревизијата склучен е анекс договор согласно постигната цена на е-аукцијата.

За надминување на констатираните состојби дадени се препораки во извештајот, по кои очекуваме надлежните органи и одговорното лице на Фондот да преземат мерки и активности за нивно надминување.

Во делот на нагласување на прашања за неизвесност и континуитет ревизијата изврши обелоденување на неколку состојби кои се однесуваат на дигитализирање на микрофилмските ленти кое е вршено од страна на економски оператори врз основа на склучени договори за јавна набавка на услуги и потребата од преиспитување на начинот на кој треба да се дигитализираат преостанатите микрофилмски ленти во наредниот период.

5. Фонд за здравствено осигурување на Република Македонија

Државниот завод за ревизија изврши ревизија на усогласеност на следењето на подмирувањето на обврските за плаќање на пристигнатите, а неплатени придонеси за задолжително здравствено осигурување во Фондот за здравствено осигурување на Македонија во периодот од 2009 до 2016 година.

Со извршената ревизија во Фондот констатирано е дека:

- утврдениот износ на вкупниот неплатен придонес за задолжително здравствено осигурување кој настанал заклучно со 31.12.2008 година не е точно утврден, поради некомплетна и неточна евиденција на даночните броеви и називите на субјектите како и износот и периодот на задолжување на субјектите;
- податоците добиени од подрачните служби и Секторот за правни работи поврзани со процесот на следење на наплатата на побарувањата по основ на неплатен придонес не се совпаѓаат поради некоординираност во постапувањето и отсуство на координативни активности за обезбедување унифициран начин на следење на побарувањата по основ на неплатен придонес од страна на Централата на Фондот;
- и покрај очекувањата на Фондот дека голем број обврзници ќе ги искористат поволностите од Законите за мирување и Законот за отпишување на камати, одзивот на обврзниците бил недоволен;
- склученио Договор за евидентирање и следење на побарувањата, помеѓу Управата за јавни приходи (УЈП) и Фондот не е во согласност со Законот за придонеси за задолжително социјално осигурување, односно со истиот не е утврдена обврска УЈП да ги достави законски утврдените информации до институциите, што има влијание врз комплетноста на искажаните побарувањата по основ на неплатен придонес во финансиските извештаи на Фондот.

За надминување на утврдените состојби до одговорните лица на Фондот ревизијата даде препораки за преземање соодветни мерки и активности.

Ревизија на успешност

Во 2017 година извршивме 4 ревизии на успешност согласно Годишната програма за работа на ДЗР за 2017 година, со кои опфативме 113 субјекти.
Сите извршени ревизии на успешност се однесуваат на оценки, фокусирани на квалитетот и квантитетот на јавните средства и услугите во областите кај кои се утврдени значајни финансиски ризици и можности за социјални и системски подобрувања и креирани се индикатори со кои ревизијата ја исполни својата додадена вредност по однос на избраните активности.

1. Ефикасност на мерки, политики и проекти за заштита на шумите во Република Македонија

Шумите претставуваат дел од националното богатство, односно наследство на Република Македонија и како добра од општ интерес за Републиката, уживаат посебна заштита.

Според податоците од Државниот завод за статистика на РМ вкупната површина под шума изнесува 983 388 хектари, од кои 90% се во државна, а 10% во приватна сопственост.
Ревизијата на успешност ја спроведовме со цел да дадеме одговор на прашањето "Дали надлежните институции преземаат мерки, активности и проекти за ефикасна заштита на шумите во Република Македонија", како и да дадеме оценка за стратешката и правната рамка за заштита на шумите во РМ, финансирањето на заштитата како и на преземените мерки за нивна ефикасна заштита.

Во делот на донесување и имплементација на законските и подзаконските акти поврзани со заштита на шумите во РМ, констатиравме дека не се преземени активности за изработка на дел од законски предвидените решенија, а за дел од нив не е извршено навремено ажурирање. Понатаму, констатиравме дека не се отпочнати активности за спроведување на национална инвентаризација и воспоставување на катастар на шуми и шумско земјиште, не е воспоставен единствен информативен систем како и не е донесен национален план за управување со пожарите на отворен простор. Ја истакнавме потребата од формирање на национален комитет и национален совет за шумарство.

Во однос на обезбедувањето на финансиски средства, констатиравме дека дел од јавните претпријатија не вршат уплата на средствата во Буџетот на РМ по основ на проширена репродукција на шумите и продажба на одземената дрвна маса од бесправна сеча, а средствата за проста репродукција не се издвојуваат на посебна сметка.

Утврдивме повеќе состојби како потенцијални опасности за шумите во РМ, односно поголема потрошувачка на огревно дрво од страна на домаќинствата во РМ од евидентираната посечена дрвна маса како и неусогласеност на податоците на надлежните институции за бесправната сеча во РМ.

Констатиравме недоволна координираност, екипираност и опременост на шумската полиција, шумочуварската служба, на техничката служба и неповолна старосна структура на пилотите во авио одделението, како и потреба од зајакнување ма меѓусебната соработка и постапување на субјектите надлежни за заштита на шумите од пожари.
Констатиравме потреба од зајакнување на меѓусебната комуникација, координација, соработка и постапување на субјектите надлежни за заштита на шумите од пожари.

Во делот на мерките за ефикасна заштита на шумите констатиравме дека не е донесена Програма на мерки и активности за собирање на податоци за оштетеноста на шумите, не е воспоставен регистар на оштетеноста на шумите, не се користи целосно македонскиот информациски систем за шумски пожари од страна на сите надлежни институции и постои недоволна вклученост на научни и стручни институции од областа на шумарството.

За воспоставување на целосен и ефикасен систем на заштита на шумите во РМ, констатиравме дека не се преземени сите неопходни активности од страна на надлежните институции кои се однесуваат на спроведување попис и воспоставување катастар на шуми и шумско земјиште, заштита на шумите од нелегална сеча, заштита од пожари, пошумување и чување на шумите, преземање на мерки и активности за донесување и ажурирање на основните плански документи за заштита на шумите, донесување на подзаконска регулатива поврзана со заштита на шумите, заштита на шумите од штетници, завршување на започнатите проекти, спроведување на пошумувањето на начин на кој што ќе се обезбеди поголема ефикасност и успешност, обезбедување на дополнителни финансиски средства за започнување на предвидените проекти, зајакнување на кадровските капацитети, обезбедување на материјално технички средства, подобра комуникација и координација помеѓу надлежните институции како и поголема ефикасност на институциите задолжени за надзор, мониторинг и контрола на шумите во РМ.

Реализацијата на наведените активности ќе придонесе за воспоставување на ефикасен систем за заштита на шумите во РМ, со цел да се зачува нивната состојба, како и да не се дозволи нивно уништување, имајќи го во предвид еколошкото значење на шумите, кои претставуваат дел од националното богатство односно наследство.

За надминување на погоре наведените состојби дадовме и препораки кои се насочени кон надлежните институции, истите се темелат на резултатите од извршената ревизија и се во функција на подобрување и унапредување на ефикасноста на заштитата на шумите во РМ.

2. Ефективност на единиците на локална самоуправа во годишното планирање и реализацијата на годишниот план за јавни набавки

Основна цел на општините е подобрување на квалитетот на живот на граѓаните и задоволување на нивните потреби во сферите на комуналната инфраструктура, урбанистичкото планирање и изградба, образование, култура, спорт и други области од јавниот живот. Надлежностите на општината се реализираат преку вршење на јавни работи за што е потребно ангажирање и искористување на институционалните и административните капацитети, односно материјално финансиските средства и човечките ресурси со кои располагаат општините. Планираните цели општините ги остваруваат преку реализација на годишните планови, со доделување на договори за набавка на работи, стоки и услуги преку имплементација на Законот за јавни набавки, за што годишно трошат од 50 до 60% од средствата предвидени во буџетите. Трошењето на средствата преку склучените договори за јавни набавки, треба да обезбеди транспарентност и интегритет на општината како пред граѓаните, така и пред бизнис заедницата, рационално и ефикасно искористување на буџетските средства, конкуренција, еднаков третман и недискриминација на економските оператори.
Ревизијата на успешност ја насочивме кон испитување на начинот на кој општините го уредиле планирањето, изборот и реализирањето на проектите во годишните програми за работа, за да дадеме оценка дали раководството во единиците на локална самоуправа преземало соодветни активности за да овозможи ефикасно годишно планирање на јавните набавки и ефективна реализација на годишниот план за јавни набавки.

Со ревизијата беа опфатени активностите при спроведувањето на јавните набавки за годините 2014, 2015 и 2016 кај сите 81 општини во Република Македонија вклучувајќи го и Градот Скопје како посебна единица на локална самоуправа.
Со цел ефикасно и ефективно реализирање на активностите, општините потребно е да воспостават:

- функционална организациона структура и дефинирани надлежности;
- целосни, реални и применливи годишни програми, одобрени од раководството, усогласени со средствата предвидени со Буџетот;
- јасни и комплетни процедури за работењето, лесни за примена, ажурирани и достапни до сите вработени;
- лицата вклучени во јавни набавки да поседуваат знаење, искуство, способности, лиценци, посетувано обуки;
- јасна и точна тендерската документација, со прецизни критериуми и технички спецификации;
- фер услови и конкурентност за сите економски оператори;
- активностите на комисиите за јавни набавки да се во рамки на роковите утврдени со планот;
- континуирана проверка и оценување на функционирањето на внатрешните контроли, заради остварување на целите на субјектот.

Со извршената ревизија утврдивме состојби кои имаат влијание врз ефикасното и ефективното реализирање на активностите и тоа:

- Општините располагаат со обучен, но бројно недоволен на кадар кој е вклучен во јавните набавки. Ограничените финансиски средства се основна причина за недоволна екипираност на секторите/одделенијата, вклучувајќи ги и единиците за јавни набавки;
- Во општините каде постојат воспоставени и применливи процедури за работа постои поуспешна реализација на планираните цели;
- Не постоењето на јасно дефинирани критериуми по кои ќе се врши изборот на проектите опфатени со годишните програми создава ризик од субјективност во одлучувањето и фаворизирање на одредени работи;
- Годишниот план за јавни набавки кој не содржи целосни информации за конкретни проекти и нивната проценета вредност го отежнува следењето на реализацијата на планираните проекти со годишните програми на секторите, што придонесува за намалување на ефективноста во планирањето на вкупните потребите на општината во целина;

- При годишното планирање на потребите за јавни набавки, не се земаат во предвид искуствата од претходните години во однос на реализацијата на планираните приходи во буџетот, поради што планот за јавни набавки не се реализира целосно или се преземаат обврски кои ќе треба да се платат со средства од буџет од наредна година;
- Поголем дел од општините немаат донесено процедури со јасно пропишување на постапката на годишното планирање на јавните набавки, додека во општините каде што постојат, процедурите не ги опфаќаат сите фази на процесот на јавни набавки;
- Недоследности во планирањето на постапките најчесто настануваат поради:
  √ погрешно утврдување на предмет/видот на набавката;
  √ несоодветно спроведена анализа на пазарот;
  √ недоволно јасна и прецизна тендерската документација односно нереални критериуми, нецелосна и непрецизна техничка спецификација и
  √ не извршена анализа на моменталните трендови на цените на пазарот како би се потврдило дека планираните средства со програмата и буџетот се доволни за реализација на набавката.
- Не е воспоставена пракса за изготвување и редовно доставување информации до органите на управување во однос на реализацијата на годишниот план.

Дадени се препораки кон органите на управување на општините за:

- зајакнување и подобрување на кадровската екипираност на единиците за јавни набавки и континуирана стручна обука и едукација;
- утврдување на приоритети при избор на проекти во годишните програми, пропишување и донесување на интерни процедури за процесот на јавни набавки, вклучувајќи го и годишното планирање,
- планирањето на потребите од јавни набавки да се врши во рамки на реалните можности на општината за реализација на планираните приходи;
- редовно ажурирање на планот за јавни набавки согласно извршена промена на буџетот на општината;
- уредување на начинот на следење и известување на органите на управување во општините за реализацијата на годишниот план за јавни набавки.

Кон Бирото за јавни набавки дадени се препораки за преземање мерки и активности за преиспитување и доуредување на законските и подзаконските акти, кои ги уредуваат:

- начинот на утврдување на видот на набавка (стоки, услуги и работи) во случаи кога постои комбинација на набавка на стоки, работи и услуги;
- најниската цена како критериум при избор на најповолна понуда и
- задолжителноста за објавување на проценета вредност на набавката.

Ефектите од преземените мерки и активности по дадените препораки треба да придонесат за подобрување на законската регулатива, поефикасен начин на планирањето во општините, а со цел зголемување на ефективноста во реализацијата на планот за јавни и задоволување на потребите на граѓаните.

3. Квалитетот на воздухот

Согласно Годишната програма за работа за 2017 година беше извршена кооперативна ревизија на успешност за Квалитетот на воздухот, која беше спроведена на иницијатива на Холандскиот суд за ревизија. Во ревизијата учествуваа 15 земји, земји од опкружувањето, земји членки на Европската унија и Швајцарија.

Координатор на ревизијата беше Холандскиот суд за ревизија со Врховната ревизорска институција на Полска.

Со оваа ревизија го опфативме периодот 2014-2016 година, во која беа вклучени повеќе субјекти и тоа на централно ниво: Министерството за животна средина и просторно планирање, Институтот за јавно здравје, Државниот инспекторат за животна средина и со прашалници ги опфативме сите единици на локална самоуправа.

Цел на ревизијата беше: "Дали мерките/активностите што се преземаат на централно и локално ниво за подобрување на квалитетот на воздухот се ефективни во однос на намалувањето на емисиите на загадувачките супстанции кои влијаат на животната средина и човековото здравје".

Ревизорските областите кои беа утврдени од сите земји заедно се следните:

1. Загадувањето на воздухот - проблем со кој се соочуваме;
2. Организациона поставеност на системот на управување со квалитетот на воздухот;
3. Правната и законска рамка за квалитетот на воздухот;
4. Мерките и активностите за подобрување на квалитетот на воздухот;
5. Финансирање на мерките/активностите и мерливост на ефектите од нивната реализација;
6. Системот на следење и известување за квалитетот на воздухот.

Секоја земја имаше можност да работи на сите области или на областите кои сама ќе ги определи. ВРИ на Република Македонија ги опфати сите утврдени области.

Состојбите кои ги утврдивме по области се следните:

- Најкритични загадувачки супстанци кои влијаат на квалитетот на воздухот во РМ се суспендираните честички (PM10 и PM2.5);
- Просечните годишни концентрации на PM10 ја надминуваат годишната гранична вредност (40 µg/m3) во сите мониторинг станици, поставени во урбаните места од 2005 година наваму, а највисоки се измерени во Тетово и Скопје (Лисиче), кои надминуваат 120 µg/m3;
- Концентрациите на (PM2.5) се мерат во две мониторинг станици во Скопје, а нивната просечната годишна вредност е два пати повисока од граничната вредност;

Оценката на квалитетот на амбиентниот воздух не е целосна поради:

- Некомплетност на податоците од емисиите на стационарните извори на загадување;
- Не се земаат во предвид податоците за количините на емисии на загадувачките супстанции од непроизводните извори;
- Слабата достапност на квалитетни влезни податоци ја ограничува примената на дисперзионите модели за проценка на квалитетот на воздухот.

Иако организационата поставеност на системот на управување со квалитетот на воздухот е јасно дефинира во законската регулатива, констатирани се одредени слабости и тоа:

- Поставеноста на инспекцискиот надзор во животната средина не соодветствува во целост на барањата кои произлегуваат од правото на ЕУ, поради што во 2016 година подготвен е нов Закон за инспекција во животната средина;
- Административниот и техничкиот капацитет на надлежните институции е недоволен на централно, а особено на локално ниво, во поглед на кадровската екипираност, опрема и финансиски средства.
- РМ не подлежи на санкции од страна на ЕУ, ниту постојат санкции на централно/локално ниво за не постигнување на целите утврдени со политиките за квалитетот на воздухот;
- Мерења на прекуграничен пренос на загадувачки супстанции се вршат само во една мерна станица;
- Министерството за животна средина и просторно планирање и општините немаат воспоставено соработка со надлежните органи од соседните држави;
- Правната и стратешка рамка со која се регулира квалитетот на амбиентниот воздух во РМ, е усогласена со ЕУ Директивите од областа на квалитетот на амбиентниот воздух;
- Измените содржани во новата Директива 2015/1480 на Комисијата (ЕУ), а кои се однесуваат на анексите од Директива 2004/107/ЕС и Директива 2008/50/ЕЗ, како и измените на Директивата 2001/81/ЕЗ се уште не се транспонирани во националното законодавство;

- Не се дефинирани праговите на информирање и алармирање за PM10 честичките, поради одредени забелешки и барања за корекции од страна на невладиниот сектор.

Иако се реализирани одредени мерки за заштита на амбиентниот воздух, истите не се доволни за да се постигнат задоволителни резултати во однос на намалувањето на загадувањето.

- За Програмата за инвестирање во животната средина за 2014, 2015 и 2016 година се издвојуваат буџетски средства во ист износ и ниту во една година не се доделени средства за проекти кои се поврзани со медиумот воздух;
- Средствата за реализација на Годишната програма за работа на ДАМСКВ не се доволни за сервисирање, набавка на резервни делови на мерните станици, дислокација на постоечки мониторинг станици, набавка на лабораториска опрема и хемиски анализи, акредитација на Централната и Калибрационата лабораторија;
- Според податоците од ДЗС, инвестициите и трошоците за заштита на воздухот учествуваат со 13% за 2014 и 2015 година, а со 6% во 2016 година, од вкупните инвестиции и трошоци за животната средина. Од нив најмногу се направени во индустријата и специјализираните производители околу 83 - 96%, а во останатите сектори на економска активност учеството е мало и се движи од 4 -17%.

Во однос на целосноста на податоците и извештаите од мониторинг на квалитетот на воздухот, констатирано е следново:

- Во период 2014-2016 година, од 17 мониторинг станици, 3 не се во функција, кај останатите, дел од параметрите не се мерат, а за дел не е обезбедена минимална покриеност со податоци;
- Освен за 2014 година, во останатите години предмет на ревизија концентрациите на бензен не се мерат редовно, а за тешките метали и полициклични ароматични јаглеводороди се спроведуваат индикативни мерни кампањи кои не се доволно репрезентативни;
- Дел од инсталациите не доставуваат извештаи од извршените мерења до Управата за животна средина и Македонскиот информативен центар за животна средина;
- Воспоставен е информативен систем за квалитет на воздухот AIRVIRO, кој е поврзан со web портал за квалитет на воздухот. Иако базата на податоци е дизајнирана со голем обем на податоци, недостасуваат податоци од другите извори за оценка на квалитетот на амбиентниот воздух, поради што истата е нецелосна;
- Воспоставениот Катастар на загадувачи на воздухот е нецелосен од причина што недостасуваат податоци од непроизводните извори на емисии и податоци од извршените мерења на дел од производните извори на емисии.

За надминување на утврдените слабости, ревизијата даде препораки на надлежните институции, органи и тела со цел надминување на утврдените состојби.

4. Јавно приватно партнерство

Извршивме ревизија на успешност на тема " Јавно приватно партнерство на локално ниво", со цел да дадеме одговор на прашањето: „Дали законската рамка и институционалната поставеност обезбедуваат успешно воспоставување на јавно приватно партнерство кај единиците на локална самоуправа и кои се ефектите од склучените договори помеѓу јавниот и приватниот партнер", како и давање на препораки кои ќе бидат насочени кон воспоставување на ефикасен систем на јавно приватно партнерство и зголемување на ефектите од истото.

Јавно приватно партнерство претставува среднорочна, а најчесто долгорочна соработка помеѓу јавниот и приватниот сектор, во рамките на кој со комбинирање на искуствата и компетентноста на двата сектора, поуспешно се решаваат проблемите на национално, регионално и локално ниво.

Воспоставување на партнерства на овие два сектора се водени од логиката дека подобри резултати ќе се остварат со заедничка соработка, отколку кога би се работело поединечно. Исплатливоста на ЈПП, во однос на традиционалното обезбедување на јавните добра и услуги, треба да е резултат на квалитетно дизајнирано проектно решение, финансиска структура и заедничко управување на проектот.

Ревизијата на успешност го опфаќа периодот од 2011 до 2017 година, со посебен осврт на воспоставување на јавно приватно партнерство кај единиците на локална самоуправа.

Ревизорските активности беа насочени кон следните области:

- Законска регулатива, надлежности и координација на институциите;
- Спроведување на постапки за воспоставување на ЈПП од страна на општините;
- Ефекти од имплементација на договорите за ЈПП.

Со оваа ревизија ги опфативме воспоставените јавни приватни партнерства кај единиците на локална самоуправа со приватните партнери во областа на уличното јавно осветлување, административно деловни објекти и изградба на објекти за спорт.

Со ревизијата на успешност беа опфатени:

- Министерството за економија;
- Општините Ѓорче Петров и Крива Паланка (за изградба на административно деловен објект);
- Општините Чаир, Свети Николе и Студеничани (во делот на улично осветлување);
- Општина Аеродром (за изградба на спортски комплекс);
- Општина Тетово и Гази Баба (за изградба на фудбалско игралиште).

Со ревизијата утврдивме дека постојната институционална поставеност на јавното приватно партнерство во Република Македонија и практична имплементација на модели на јавно приватно партнерство, делумно обезбедуваат успешна реализација на проектите. Со цел да се воспостави успешна имплементација на проекти со јавно приватно партнерство потребно е зајакнување на институционалните капацитети на централно и локално ниво. Неопходен е системски приод на сите институции инволвирани во процесот на спроведување на постапките за јавно приватно партнерство и нивно постапување согласно надлежностите и тоа: ревидирање на Законот за концесии и јавно приватно партнерство, формирање институција/тело кое ќе биде одговорно за давање на мислење за покренување на постапка до реализирање на договор за јавно приватно партнерство и изготвување и донесување на стратешки документ како основ за стратешки насоки за успешно спроведување на јавното приватно партнерство.

Меѓународна соработка

Државниот завод за ревизија во 2017 година, оствари богата меѓународна соработка на билатерално и мултилатерално ниво. Учеството во кооперативните ревизии од областа на јавните набавки и животната средина со врховните ревизорски институции од Европска унија и регионот, придонесе за унапредување на професионалното ниво на кадарот на Државниот завод за ревизија и за квалитетот на ревизиите на успешност, што беше еден од главните приоритети на институцијата во изминатиот период.

По успешната реализација на проектот за паралелна ревизија на успешност 1 од областа на енергетската ефикасност (2015) во кој учествуваа врховните ревизорски институции на земјите од мрежата – регионот, ВРИ на Шведска иницираше нов проект, кооперативна ревизија на успешност 2 од областа на јавните набавки. Проектот започна во 2016 со поддршка на ВРИ на Шведска и на Европскиот суд на ревизори и траеше до крајот на 2017 година. По неговото завршување беше изработен збирен извештај во кој се презентирани клучните наоди и главните заклучоци од националните ревизорски извештаи на ВРИ учеснички.

Во 2017 година Државниот завод за ревизија учествуваше во кооперативна ревизија на тема квалитет на воздухот, изведена во координација на ВРИ на Холандија и ВРИ на Полска.

Придобивките од соработката во кооперативните ревизии се повеќекратни. Посебно би ги нагласиле можноста за професионална надградба на ревизорите учесници по пат на peer-to-peer активностите, флексибилниот пристап, проверка на сопствените и користење на искуствата од другите учесници и јакнењето на самодовербата во сопствените капацитети за вршење ревизија на успешност.

Размената на нови знаења и искуства од областа на државната ревизија со колегите од другите ВРИ се одвиваше преку стандардните форми на соработка и главно во координација на INTOSAI[2] и EUROSAI[3] . Придонесот на Државниот завод за ревизија во работата на работните групи и телата формирани за реализација на стратешките цели на EUROSAI 2011-2017 и во промовирањето на етиката и интегритетот кај ВРИ и институциите во јавната администрација, продолжи со несмален интензитет и во 2017 година.

Учествата на вработените во Државниот завод за ревизија на меѓународни настани за едукација и надградба се одвиваше во следните области: имплементирање на ISSAI[4] за ревизија на успешност, внатрешна ревизија, одржување на квалитетот на водата, јакнење на интегритетот на ВРИ и борбата против корупција, управување со јавниот долг, изведување на кооперативни ревизии, ревизија на општините и ревизија на животната средина.

[2] Меѓународна организација на врховните ревизорски институции – ДЗР е член од 2001

[3] Европска организација на врховните ревизорски институции- ДЗР е член од 2002 година

[4] Меѓународни стандарди на врховните ревизорски институции

Државниот завод за ревизија е ветеран по членството во мрежата на ВРИ на земјите кандидати и потенцијални кандидати за членство во ЕУ и Европскиот суд на ревизори. Навлеговме во втората деценија од нашето активно учество и придонес во реализирањето на активностите на мрежата чија цел е подготовка на ревизорските структури во земјите кои се подготвуваат за членство во европското семејство.
Кандидатскиот статус на Република Македонија за прием во Европската унија, стекнат на крајот на 2005 година, на Државниот завод за ревизија му овозможи редовно, во својство на активен набљудувач, да учествува на состаноците на Контакт комитетот и да биде во чекор со најновите случувања и предизвици со кои се соочуваат шефовите на ВРИ од Европската унија при вршењето на ревизорската функција.

Активности во рамките на EUROSAI, INTOSAI и други организации

Членувањето во работните групи на EUROSAI за животна средина од 2002 и за ИТ од 2005 година, Државниот завод за ревизија го одржува со континуирано и активно учество во нивната работа.
Шеста година по ред учествуваме во активностите на оперативната група на EUROSAI за ревизија и етика, предводена од ВРИ на Португалија која работи на јакнењето на интегритетот и етиката кај врховните ревизорски институции и институциите од јавната администрација.
Државниот завод за ревизија во текот на 2017 година даде активен придонес во реализирањето на Стратегискиот план на EUROSAI 2011-2017, преку своите претставници во целните групи - тимовите 1, 2 и 3 чии активности беа насочени кон изградбата на капацитетите на ВРИ, примена на професионалните стандарди и размена на знаења помеѓу членките на EUROSAI и пошироко. Претставници на Државниот завод за ревизија активно се вклучија во процесот на формирање на новата оперативната група на EUROSAI за ревизија на општините и во нејзината работа со учествата на почетниот состанок во Вилнус (април 2017) и на првиот семинар и годишен состанок што се одржа во Рига (октомври 2017).
Во организација на ВРИ на Естонија во септември 2017 година се одржа третата конференција за млади на EUROSAI, (Young EUROSAI Conference 3.0). На конференцијата учес-

твуваа и двајца помлади ревизори од Државниот завод за ревизија. Младите учесници размениија мислења на тема: Updates Available (достапни ажурирања) што укажува на потребата од постојано унапредување во професијата која во комбинација со развојот на дигитализацијата и зголемениот обем на достапни податоци е императив за секој ревизор. Цел на конференцијата беше низ размена на идеи, успешни приказни и помалку успешни пракси, да се изнајдат начини за понатамошно подобрување на работата на ревизорите и да се подигне нивото на ревизијата.

Во рамките на Иницијативата за развој на INTOSAI (IDI) за вршење ревизија на целите на одржлив развој (SDG), во текот на 2017 година се организираа повеќе активности кои опфатија: обука на ментори, дизајнирање и развивање на обуката за вршење ревизија на целите на одржлив развој и на фазата на планирање. Во програмата која има за цел оспособување на врховните ревизорски институции за обука и вршење ревизија на целите на одржлив развој, претставник на Државниот завод за ревизија учествуваше на обуките кои се одржаа во Јамајка и Индија.

Во текот на 2017 година високи делегации на Државниот завод за ревизија учествуваа на повеќе значајни меѓународни настани од кои ги истакнуваме следните: X Конгрес на EUROSAI во Истанбул (мај 2017). На собирот на кој учествуваа претставници на ВРИ - членки на EUROSAI, се дискутираше за имплементацијата на ISSAI: предизвици и решенија за понатамошно подобрување. Низ размена на идеи и искуства меѓу ВРИ преку технички дискусии и стратешки решенија Конгресот имаше за цел понатамошно унапредување на рамката на ISSAI. На 24-от симпозиум на UN/INTOSAI кој редовно се одржува во Виена (јуни 2017), една од темите беше работата на врховните ревизорски институции во следењето на спроведувањето на целите за одржлив развој од агендата на ОН 2030 година за одржлив развој, доброто владеење и борбата против корупција и промовирање на кредибилитет на INTOSAI како препознатлива меѓународна организација. Во Женева (ноември 2017) се одржа конференција во организација на UNCTAD, на која главна тема беше управувањето со јавниот долг. Во декември минатата година во Лима, Перу беше одбележана 40-годишнината од усвојувањето на Лима Декларацијата за водечките принципи во ревизијата, на која присуствуваше и висока делегација на ДЗР.

Во рамките на иницијативата за соработка на земјите долж појасот (Belt & Road Routes), покрената од Претседателот на НР Кина, двајца претставници на Државниот завод за ревизија учествуваа на меѓународниот семинар за ревизија што во организација на ВРИ и Министерство за трговија на НР Кина се одржа во Нанџинг (јули 2017).

Центарот за реформи на финансиското известување (CFRR) при групацијата на Светска банка од Виена, заедно со владите на Австрија и Швајцарија во 2017 година започнаа Програмата за сметководство и известување во јавниот сектор (Public Sector Accounting and Reporting Program (PULSAR)) за развивање на рамката за финансиско известување во јавниот сектор во земјите од западен Балкан и земјите кои порано беа дел на Советскиот сојуз. На првата работилница која се одржа во Виена (декември 2017) учествуваше и претставник на ДЗР.
За одбележување е и фактот што Државниот завод за ревизија во 2017 година го прошири своето присуство во уште две меѓународни работни групи. Првата е, т.н. проектна група на EUROSAI за улогата на врховните ревизорски институции во ширењето на културата на интегритет, со која раководи ВРИ на Унгарија. Оваа активност е дел од новиот Стратегиски план на EUROSAI (2018-2023), усвоен на Конгресот во Истанбул. Второто членство е во работната група на INTOSAI за јавен долг. Активностите на оваа работна група ќе бидат насочени кон размена на искуства меѓу врховните ревизорски институции во однос на известувањето и здраво управување со јавниот долг согласно ISSAI стандардите.

Мрежа на ВРИ на земјите кандидати и потенцијални кандидати за прием во ЕУ и Европскиот суд на ревизори

Активностите на мрежата кои имаат за цел полесно интегрирање на земјите кандидати во европското семејство се одвиваат во координација на офицерите за врски на ВРИ и со поддршка на Работната група за заеднички ревизорски активности, формирана од Контакт комитетот, ВРИ членки на ЕУ и SIGMA.
На редовниот годишен состанок на офицерите за врски на ВРИ од мрежата, што се одржа во Стокхолм (мај 2017), по систем на ротација претседавач беше претставникот на Државниот завод за ревизија. Предмет на усогласување беа активностите од планот на активности (2016 -2017) кои требаше да се реализираат до крајот на 2017 година и новите приоритети на членките при дефинирањето на активностите за новиот Рамковен план на активности на мрежата (2018-2020).

Со проектот за паралелна ревизија на успешност 2 од областа на јавните набавки се реализираа шест работилници, опфаќајќи ги сите фази на ревизијата, од планирање до известување. Последните две се одржаа во 2017 година во Скопје и Белград. Стручна и финансиски помош за овој проект обезбеди ВРИ на Шведска, во координација со Работ-

ната група на Контакт комитетот за заеднички ревизии (JWGAA) и со учество на претставници на Европскиот суд на ревизори. Синтетичкиот извештај изработен врз основа на националните ревизорски извештаи на ВРИ учеснички е објавен на интернет страниците на ЕСР и ВРИ на Шведска.

Во рамките на состанокот на Контакт комитетот, што се одржа во Луксембург (октомври 2017) шефовите на ВРИ на мрежата што ја сочинуваат ВРИ на Турција, Македонија, Црна Гора, Србија, Албанија, Босна и Херцеговина, ЕСР и Косово* во својство на набљудувач, одржаа состанок на кој што го усвоија новиот Рамковен план на активности на мрежата (2018-2020). Овие активности насочени кон јакнење на капацитетите на членките на мрежата преку соработка со ВРИ од земјите членки на ЕУ и ЕСР, во наредниот период ќе бидат сосредоточени на соработката со парламентите за подобрување на ревизорското влијание, поддршката на ИТ во ревизорскиот процес и софтвери за ревизија, развивање на индикатори на успешност и на продолжението на работилниците од серијата за унапредување на финансиската ревизија која започна во втората половина на 2017 година. На состанокот беше усвоена и новата верзија на документот, Рамка на соработка на членките на мрежата, чие ажурирање беше неопходно за да ја рефлектира актуелната состојба и составот на мрежата.

Учеството на претставници на ДЗР на состаноците на Контакт комитетот кој го сочинуваат шефовите на ВРИ од ЕУ, заедно со другите членови на мрежата, овозможува континуирано следење на најновите случувања во областа на владеењето/управувањето со јавните финансии во ЕУ, влијанието на новите регулативи на ЕУ врз работењето на ЕСР и националните ВРИ, како и размена на искуствата во областа на ревизорската пракса (методите, пристапот, изборот на подрачјата - предмет на ревизија) насочени кон подобрување на одговорноста и отчетноста во трошењето на средствата доделени од европските фондови.

Билатерална и регионална соработка

Во 2017 година беа реализирани завршните активности од проектот на Државниот завод за ревизија со Канцеларијата на Главниот ревизор на Норвешка (КГР на Норвешка) насочен кон подобрување на ефикасноста и квалитетот на ревизијата со примена на систем за управување со ревизиите (Audit Management System - AMS). Активностите беа фокусирани на тестирање на финалната верзија на софтверско решение од страна на проектниот тим. Софтверот за AMS официјално започна да се применува со годишната програма на ДЗР за 2017 година, а за таа цел беа спроведени повеќе обуки за вработените.

На 5-от годишен и завршен состанок на проектниот тим одржан во Скопје (октомври 2017 година) беше оценето дека петгодишните проектни активности резултираа во успешно имплементирање на Системот за управување со ревизијата (AMS) во поддршка на процесот на ревизија на ниво на целата институција. Успехот на проектот беше овозможен благодарение на неговото стабилното финансирање, посветеноста на членовите на проектниот тим и поддршката од највисокото раководство на двете институции (ДЗР и КГР на Норвешка) како и на реалистичното планирање на активностите: почнувајќи од мапирањето на ревизорските процеси, изработката на физибилити студија, усогласувањето на методологијата со ISSAI паралелно со развојот на AMS, надградбата на ИТ инфраструктурата во ДЗР, вклучувањето на ревизорите во сите клучни фази на процесот, вклучувајќи го и тестирањето на софтверот, како и обуките за негово користење, администрирање и одржување.

Успешното имплементирање на AMS во ДЗР побуди интерес кај повеќе ВРИ од регионот за што во текот на 2017 година, ДЗР организира повеќе демо презентации на софтверот пред колегите од Србија, Црна Гора и Босна и Херцеговина.

Висока делегација на Државниот завод за ревизија учествуваше на одбележувањето на 10 годишнината од формирањето на ВРИ на Србија.

Државниот завод за ревизија во текот на 2017 година беше домаќин на високи делегации на ВРИ од Турција, Србија и Црна Гора. Интересот на гостите беше насочен на системот за управување со ревизиите (AMS), САПРИ - софтверот за обработка на податоците презентирани во ревизорските извештаи и посебно делот за следење на препораките и унапредување на билатералната соработката.

Соработка со SIGMA и Европската комисија

Кон крајот на 2017 година Државниот завод за ревизија започна со реализација на нов, твининг проект (2017-2019) финансиран од ЕУ: "Понатамошно зајакнување на капацитетите и ефикасноста на Државниот завод за ревизија за вршење на надворешна ревизија". Во декември месец во Скопје, со претставниците на ВРИ на Бугарија и ВРИ на Хрватска, партнери во проектот, се одржа првиот неформален (технички) состанок на кој се договорија активностите за наредниот период.
Соработката со SIGMA во 2017 година се одвиваше во рамките на активностите на мрежата. Со логистичка и финансиска поддршка на SIGMA беа реализирани неколку активности од Рамковниот план на мрежата (2016-2017). Оваа соработка како и до сега има позитивни ефекти во процесот на изградба на Државниот завод за ревизија во компетентна институција за надворешна ревизија во согласност со критериумите на ЕУ и меѓународните стандарди за државната ревизија.

Транспарентност

Транспарентноста во работењето на Државниот завод за ревизија, во контекст на унапредување на системот на комуникација и размена на информации со домашните и меѓународните правни субјекти и информирањето на јавноста за работењето на ДЗР, е дефинирана како една од петте клучни стратешки цели на новата „Стратегијата за развој 2018-2022 година". Во таа насока, транспарентноста беше доследно практикувана и во текот на 2017 година, период во кој ДЗР континуирано ја информираше јавноста преку веќе воспоставениот систем.

Доминантно место во процесот на транспарентност во 2017 година беше континуираното објавување на конечните ревизорски извештаи на WEB страницата, како суштински дел од реализирањето на „Годишната програма за работа на ДЗР во 2017 година".

Освен за содржината на конечните ревизорските извештаи како резултат на извршената ревизија на субјектите кои законски подлежат на тој процес, јавноста беше информирана и за другите преземени и реализирани активности на ДЗР. Сите тие планирани и реализирани активности во текот на 2017 година како информација беа објавени на официјалната WEB страница на ДЗР.

Објавените информации се однесуваа на одржаните обуки низ работилниците како дел од перманентната едукација на државните ревизори, средби на претставници на ДЗР со делегации на Врховни ревизорски институции од други држави како во Македонија така и надвор, учества на претставници на ДЗР на средби, состаноци, конгреси и други настани поврзани со ревизорската проблематика.

Од аспект на меѓународните ревизорски активности, во 2017 година ДЗР со свои претставници имаше активно учество на конгресите, состаноците и работните средби кои беа реализирани во организација на INTOSAI и EUROSAI а за настаните јавноста беше информирана со објавување на информации и фотографии од истите.

Интересот за резултатите од работењето на ДЗР од страна на медиумите и новинарите во текот на 2017 година беше искажан преку објавените новинарски информации, прилози и коментари главно поврзани со констатираните состојби во конечните ревизорски извештаи.

Од аспект на транспарентноста, а согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, во 2017 година беа доставени вкупно 15 барања од физички и од правни лица и од новинари. На пристигнатите барања ДЗР одговори во рамките на утврдените законски рокови, состојба која е искажана и во Годишниот извештај на ДЗР.

RSM

РСМ МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје
Даме Груев 8, 1000 Скопје, Р. Македонија
Т+389 (0)2 3233 301
Т+389 (0)2 3233 302
Ф+389 (0)2 3216 186
www.rsmmk.mk

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
СКОПЈЕ
Бр. 01-597/1
08.06. 2018 год.

ИЗВЕШТАЈ НА НЕЗАВИСНИОТ РЕВИЗОР

До Собранието на Република Македонија

Ние извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи на Државниот завод за ревизија за средствата од Буџетот на РМ, односно за остварени приходи и расходи преку сметката 020021504063710 – Редовна сметка средства од буџетот на РМ, а коишто го вклучуваат билансот на приходите и расходите за годината којашто завршува на 31 декември 2017, како и билансот на состојба заклучно со таа дата, и прегледот на значајните сметководствени политики и други објаснувачки белешки.

Одговорност на раководството за финансиските извештаи

Раководството е одговорно за подготвувањето и објективното презентирање на овие финансиски извештаи во согласност со Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници, Правилникот за сметководството на буџетите и буџетските корисници и Правилникот за примена на Меѓународните сметководствени стандарди за јавниот сектор на готовинска основа, и интерната контрола којашто е релевантна за подготвувањето и објективното презентирање на финансиски извештаи кои што се ослободени од материјално погрешно прикажување, без разлика дали е резултат на измама или грешка.

Одговорност на ревизорот

Наша одговорност е да изразиме мислење за овие финансиски извештаи врз основа на нашата ревизија. Ние ја спроведовме нашата ревизија во согласност со стандардите за ревизија кои што се во примена во Република Македонија. Тие стандарди бараат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата за да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешно прикажување.

Ревизијата вклучува извршување на постапки за прибавување на ревизорски докази за износите и обелоденувањата во финансиските извештаи. Избраните постапки зависат од расудувањето на ревизорот, вклучувајќи ја и

РСМ МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје е член на РСМ мрежата и тргува како РСМ. РСМ е трговското име кое се користи од страна на членките на РСМ мрежата. Секој член на мрежата РСМ е независно друштво кое работи согласно своите доделени права и обврски. Мрежата РСМ самата не е посебно правно лице во ниедна јурисдикција.

RSM

РСМ МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје
Даме Груев 8, 1000 Скопје, Р. Македонија
Т+389 (0)2 3233 301
Т+389 (0)2 3233 302
Ф+389 (0)2 3216 186
www.rsmmk.mk

проценката на ризиците од материјално погрешно прикажување на финансиските извештаи, без разлика дали е резултат на измама или грешка. Кога ги прави тие проценки на ризикот, ревизорот ја разгледува интерната контрола релевантна за подготвувањето и објективното презентирање на финансиските извештаи на ентитетот за да обликува ревизорски постапки коишто се соодветни во околностите, но не за целта на изразување на мислење за ефективноста на интерната контрола на ентитетот. Ревизијата исто така вклучува и оценка на соодветноста на користените сметководствени политики и на разумноста на сметководствените проценки направени од страна на раководството, како и оценка на севкупното презентирање на финансиските извештаи.

Ние веруваме дека ревизорските докази коишто ги имаме прибавено се достатни и соодветни за да обезбедат основа за нашето ревизорско мислење.

Мислење

Според нашето мислење, финансиските извештаи ја презентираат објективно, од сите материјални аспекти, финансиската состојба на Државниот завод за ревизија – Редовна сметка средства од буџетот на РМ заклучно со 31 декември 2017 година, како и неговите приходи и расходи за годината којашто завршува тогаш во согласност со Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници, Правилникот за сметководството на буџетите и буџетските корисници и Правилникот за примена на Меѓународните сметководствени стандарди за јавниот сектор на готовинска основа.

THE POWER OF BEING UNDERSTOOD
AUDIT | TAX | CONSULTING

РСМ МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје е член на РСМ мрежата и тргува како РСМ. РСМ е трговското име кое се користи од страна на членките на РСМ мрежата. Секој член на мрежата РСМ е независно друштво кое работи согласно своите доделени права и обврски. Мрежата РСМ самата не е посебно правно лице во ниедна јурисдикција.

RSM

РСМ МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје
Даме Груев 8, 1000 Скопје, Р. Македонија
T+389 (0)2 3233 301
T+389 (0)2 3233 302
Ф+389 (0)2 3216 186
www.rsmmk.mk

Извештај за други правни и регулативни барања

Во согласност со Законот за државна ревизија, Државниот завод за ревизија има обврска да изготвува годишен извештај за извршените ревизии и за работата на Државниот завод за ревизија.

Наша одговорност во согласност со Законот за ревизија е да изразиме мислење во врска со конзистентноста на годишниот извештај за работа со годишната сметка и финансиските извештаи за истата година.

Мислење

Според наше мислење, податоците во годишниот извештај се конзистентни со оние во годишната сметка и финансиските извештаи на Државниот завод за ревизија за 2017 година.

Скопје, 07 јуни 2018 година

Овластен ревизор
Миле Ниневски

Друштво за ревизија
РСМ МАКЕДОНИЈА Скопје

RSM
Друштво за ревизија РСМ МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје

РСМ МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје е член на РСМ мрежата и тргува како РСМ. РСМ е трговското име кое се користи од страна на членките на РСМ мрежата. Секој член на мрежата РСМ е независно друштво кое работи согласно своите доделени права и обврски. Мрежата РСМ самата не е посебно правно лице во ниедна јурисдикција.

БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ

во денари

Опис на позицијата	Образложение	Буџет 2017	Реализирано 2017	Реализирано 2016
Приходи				
Трансфери и донации	3.1.	90.822.000	87.810.362	89.404.941
Вкупно приходи		**90.822.000**	**87.810.362**	**89.404.941**
Расходи				
Тековни расходи	3.2.			
Плати, наемнини и надоместоци	3.2.1.	72.368.000	70.341.026	71.710.930
Стоки и услуги	3.2.2.	16.447.000	15.644.732	17.344.621
Разни трансфери	3.2.3.	140.000	30.000	88.746
Вкупно тековни расходи		**88.955.000**	**86.015.758**	**89.144.297**
Капитални расходи	3.3.			
Капитални расходи		1.867.000	1.794.604	260.644
Вкупно капитални расходи		**1.867.000**	**1.794.604**	**260.644**
Отплата на главнина				
Вкупно расходи		**90.822.000**	**87.810.362**	**89.404.941**
Нето вишок на приходи - добивка по оданочување		-	-	-

Скопје, 09.03.2018

Раководител на сектор за финансиски прашања
Блага Николова

Заменик главен државен ревизор
Насер Адеми

БИЛАНС НА СОСТОЈБА

во денари

Опис на позицијата	Образложение	2017	2016
Актива			
Тековни средства	4.1.		
Побарувања од вработените	4.1.1.	59.896	142.661
Активни временски разграничувања	4.1.2.	6.479.563	6.358.392
Залихи	4.1.3.	1.276.074	956.551
Вкупно тековни средства		**7.815.533**	**7.457.604**
Постојани средства	4.2.		
Нематеријални средства	4.2.1.	288.135	52.875
Материјални средства	4.2.2.	5.659.001	5.093.743
Вкупно постојани средства		**5.947.136**	**5.146.618**
Вкупна актива		**13.762.669**	**12.604.222**
Вонбилансна актива		**77.829.200**	**77.829.200**
Пасива			
Тековни обврски	4.3.		
Краткорочни обврски спрема добавувачи	4.3.1.	697.296	589.448
Краткорочни обврски за плати и други обврски спрема вработените	4.3.2.	5.782.267	5.768.944
Пасивни временски разграничувања	4.3.3.	59.896	142.661
Вкупно тековни обврски		**6.539.459**	**6.501.053**
Извори на средства			
Извори на капитални средства	4.4.	7.178.303	6.103.169
Реваловоризациона резерва		44.907	
Вкупно извори на деловни средства		**7.223.210**	**6.103.169**
Вкупна пасива		**13.762.669**	**12.604.222**
Вонбилансна пасива		**77.829.200**	**77.829.200**

Скопје, 09.03.2018

Раководител на сектор за финансиски прашања
Блага Николова

Заменик главен државен ревизор
Насер Адеми

RSM

РСМ МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје
Даме Ѓруев 8, 1000 Скопје, Р. Македонија
T+389 (0)2 3233 301
T+389 (0)2 3233 302
Ф+389 (0)2 3216 186
www.rsmmk.mk

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
СКОПЈЕ
Бр. 01-597/2
08. 06 2018 год.

ИЗВЕШТАЈ НА НЕЗАВИСНИОТ РЕВИЗОР

До Собранието на Република Македонија

Ние извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи на Државниот завод за ревизија за средствата на приходи наплатени од органи, односно за остварени приходи и расходи преку сметката 020021504063119 – Сметка на приходи наплатени од органи, а коишто го вклучуваат билансот на приходите и расходите за годината којашто завршува на 31 декември 2017, како и билансот на состојба заклучно со таа дата, и прегледот на значајните сметководствени политики и други објаснувачки белешки.

Одговорност на раководството за финансиските извештаи

Раководството е одговорно за подготвувањето и објективното презентирање на овие финансиски извештаи во согласност со Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници, Правилникот за сметководството на буџетите и буџетските корисници и Правилникот за примена на Меѓународните сметководствени стандарди за јавниот сектор на готовинска основа, и интерната контрола којашто е релевантна за подготвувањето и објективното презентирање на финансиски извештаи кои што се ослободени од материјално погрешно прикажување, без разлика дали е резултат на измама или грешка.

Одговорност на ревизорот

Наша одговорност е да изразиме мислење за овие финансиски извештаи врз основа на нашата ревизија. Ние ја спроведовме нашата ревизија во согласност со стандардите за ревизија кои што се во примена во Република Македонија. Тие стандарди бараат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата за да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешно прикажување.

THE POWER OF BEING UNDERSTOOD
AUDIT | TAX | CONSULTING

РСМ МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје е член на РСМ мрежата и тргува како РСМ. РСМ е трговското име кое се користи од страна на членовите на РСМ мрежата. Секој член на мрежата РСМ е независно друштво кое работи согласно своите доделени права и обврски. Мрежата РСМ самата не е посебно правно лице во ниедна јурисдикција.

RSM

РСМ МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје
Даме Ѓруев 8, 1000 Скопје, Р. Македонија
Т+389 (0)2 3233 301
Т+389 (0)2 3233 302
Ф+389 (0)2 3216 186
www.rsmmk.mk

Ревизијата вклучува извршување на постапки за прибавување на ревизорски докази за износите и обелоденувањата во финансиските извештаи. Избраните постапки зависат од расудувањето на ревизорот, вклучувајќи ја и проценката на ризиците од материјално погрешно прикажување на финансиските извештаи, без разлика дали е резултат на измама или грешка. Кога ги прави тие проценки на ризикот, ревизорот ја разгледува интерната контрола релевантна за подготвувањето и објективното презентирање на финансиските извештаи на ентитетот за да обликува ревизорски постапки коишто се соодветни во околностите, но не за целта на изразување на мислење за ефективноста на интерната контрола на ентитетот. Ревизијата исто така вклучува и оценка на соодветноста на користените сметководствени политики и на разумноста на сметководствените проценки направени од страна на раководството, како и оценка на севкупното презентирање на финансиските извештаи.

Ние веруваме дека ревизорските докази коишто ги имаме прибавено се достатни и соодветни за да обезбедат основа за нашето ревизорско мислење.

Мислење

Според нашето мислење, финансиските извештаи ја презентираат објективно, од сите материјални аспекти, финансиската состојба на Државниот завод за ревизија – сметка на сопствени приходи наплатени од органи заклучно со 31 декември 2017 година, како и неговите приходи и расходи за годината којашто завршува тогаш во согласност со Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници, Правилникот за сметководството на буџетите и буџетските корисници и Правилникот за примена на Меѓународните сметководствени стандарди за јавниот сектор на готовинска основа.

РСМ МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје е член на РСМ мрежата и тргува како РСМ. РСМ е трговското име кое се користи од страна на членките на РСМ мрежата. Секој член на мрежата РСМ е независно друштво кое работи согласно своите доделени права и обврски. Мрежата РСМ самата не е посебно правно лице во ниедна јурисдикција.

RSM

РСМ МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје
Даме Ѓруев 8, 1000 Скопје, Р. Македонија
Т+389 (0)2 3233 301
Т+389 (0)2 3233 302
Ф+389 (0)2 3216 186
www.rsmmk.mk

Извештај за други правни и регулативни барања

Во согласност со Законот за државна ревизија, Државниот завод за ревизија има обврска да изготвува годишен извештај за извршените ревизии и за работата на Државниот завод за ревизија.

Наша одговорност во согласност со Законот за ревизија е да изразиме мислење во врска со конзистентноста на годишниот извештај за работа со годишната сметка и финансиските извештаи за истата година.

Мислење

Според наше мислење, податоците во годишниот извештај се конзистентни со оние во годишната сметка и финансиските извештаи на Државниот завод за ревизија за 2017 година.

Скопје, 07 јуни 2018 година

Овластен ревизор
Миле Ниневски

Друштво за ревизија
РСМ МАКЕДОНИЈА Скопје

RSM
Друштво за ревизија РСМ МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје

THE POWER OF BEING UNDERSTOOD
AUDIT | TAX | CONSULTING

РСМ МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје е член на РСМ мрежата и тргува како РСМ. РСМ е трговското име кое се користи од страна на членките на РСМ мрежата. Секој член на мрежата РСМ е независно друштво кое работи согласно своите доделени права и обврски. Мрежата РСМ самата не е посебно правно лице во ниедна јурисдикција.

БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ

во денар

Опис на позицијата	Образложение	Буџет 2017	Реализирано 2017	Реализирано 20
Приходи		4.000.000		
Неданочни приходи	3.1.		149.910	65.79
Трансфери и донации	3.2.		6.160.237	6.520.53
Вкупно приходи		**4.000.000**	**6.310.147**	**6.586.33**
Расходи		4.000.000		
Тековни расходи	3.3.			
Разни трансфери	3.3.1.		-	426.09
Вкупно тековни расходи		**4.000.000**	**-**	**426.09**
Капитални расходи				
Капитални расходи	3.4.	-	-	-
Вкупно капитални расходи		**-**	**-**	**-**
Вкупно расходи		**4.000.000**	**-**	**426.09**
Остварен вишок на приходи		**-**	**6.310.147**	**6.160.23**
Даноци, придонеси и други давачки од вишокот на приходи				
Нето вишок на приходи		**-**	**6.310.147**	**6.160.23**
Распоредување на вишокот на приходи				
Дел од нето вишокот на приходи за пренос во наредна година		-	6.310.147	6.160.23
Обврски за данок на добивка				-
Вкупно распоред на вишок на приходи		**-**	**6.310.147**	**6.160.23**

Скопје, 09.03.2018

Раководител на сектор за финансиски прашања
Блага Николова

Заменик главен државен ревизор
Насер Адеми

БИЛАНС НА СОСТОЈБА

во денари

Опис на позицијата	Образложение	2017	2016
Актива			
Тековни средства	**4.1.**		
Парични средства	4.1.1.	6.310.147	6.160.237
Побарувања од купувачите во земјата	4.1.2.	4.170.182	4.170.182
Побарувања од вработените	4.1.3.	-	50.102
Активни временски разграничувања	4.1.4.	-	-
Вкупно тековни средства		**10.480.329**	**10.380.521**
Постојани средства	**4.2.**		
Нематеријални средства	4.2.1.	-	-
Материјални средства	4.2.2.	-	-
Вкупно постојани средства		**-**	**-**
Вкупна актива		**10.480.329**	**10.380.521**
Вонбилансна евиденција - актива		**2.686.027**	**2.686.027**
Пасива			
Тековни обврски	**4.3.**		
Краткорочни обврски спрема добавувачи	4.3.1.	-	-
Пасивни временски разграничувања	4.3.2.	10.480.329	10.380.521
Вкупно тековни обврски		**10.480.329**	**10.380.521**
Извори на средства	**4.4.**		
Извори на капитални средства		-	-
Ревалоризациона резерва		-	-
Вкупно извори на деловни средства		**-**	**-**
Вкупна пасива		**10.480.329**	**10.380.521**
Вонбилансна евиденција - пасива		**2.686.027**	**2.686.027**

Скопје, 09.03.2018

Раководител на сектор за финансиски прашања
Блага Николова

Заменик главен државен ревизор
Насер Адеми

RSM

РСМ МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје
Даме Ѓруев 8, 1000 Скопје, Р. Македонија
Т+389 (0)2 3233 301
Т+389 (0)2 3233 302
Ф+389 (0)2 3216 186
www.rsmmk.mk

ИЗВЕШТАЈ НА НЕЗАВИСНИОТ РЕВИЗОР

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
СКОПЈЕ
Бр. 01-537/3
08.06 20 18 год.

До Собранието на Република Македонија

Ние извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи на Проектот МАК-12/0015 ,,ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА СИСТЕМ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО РЕВИЗИЈА" на Државниот завод за ревизија, а коишто го вклучуваат билансот на приходите и расходите за годината којашто завршува на 31 декември 2017, како и билансот на состојба заклучно со таа дата, и прегледот на значајните сметководствени политики и други објаснувачки белешки.

Одговорност на раководството за финансиските извештаи

Раководството е одговорно за подготвувањето и објективното презентирање на овие финансиски извештаи во согласност со Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници, Правилникот за сметководството на буџетите и буџетските корисници и Правилникот за примена на Меѓународните сметководствени стандарди за јавниот сектор на готовинска основа, и интерната контрола којашто е релевантна за подготвувањето и објективното презентирање на финансиски извештаи кои што се ослободени од материјално погрешно прикажување, без разлика дали е резултат на измама или грешка.

Одговорност на ревизорот

Наша одговорност е да изразиме мислење за овие финансиски извештаи врз основа на нашата ревизија. Ние ја спроведовме нашата ревизија во согласност со стандардите за ревизија кои што се во примена во Република Македонија. Тие стандарди бараат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата за да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешно прикажување.

Ревизијата вклучува извршување на постапки за прибавување на ревизорски докази за износите и обелоденувањата во финансиските извештаи. Избраните постапки зависат од расудувањето на ревизорот, вклучувајќи ја и проценката на ризиците од материјално погрешно прикажување на финансиските извештаи, без разлика дали е резултат на измама

РСМ МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје е член на РСМ мрежата и тргува како РСМ. РСМ е трговското име кое се користи од страна на членките на РСМ мрежата. Секој член на мрежата РСМ е независно друштво кое работи согласно своите доделени права и обврски. Мрежата РСМ самата не е посебно правно лице во ниедна јурисдикција

RSM

РСМ МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје
Даме Ѓруев 8, 1000 Скопје, Р. Македонија
Т+389 (0)2 3233 301
Т+389 (0)2 3233 302
Ф+389 (0)2 3216 186
www.rsmmk.mk

или грешка. Кога ги прави тие проценки на ризикот, ревизорот ја разгледува интерната контрола релевантна за подготвувањето и објективното презентирање на финансиските извештаи на ентитетот за да обликува ревизорски постапки коишто се соодветни во околностите, но не за целта на изразување на мислење за ефективноста на интерната контрола на ентитетот. Ревизијата исто така вклучува и оценка на соодветноста на користените сметководствени политики и на разумноста на сметководствените проценки направени од страна на раководството, како и оценка на севкупното презентирање на финансиските извештаи.

Ние веруваме дека ревизорските докази коишто ги имаме прибавено се достатни и соодветни за да обезбедат основа за нашето ревизорско мислење.

Мислење

Според нашето мислење, финансиските извештаи ја презентираат објективно, од сите материјални аспекти, финансиската состојба на Проектот МАК-12/0015 ,,ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА СИСТЕМ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО РЕВИЗИЈА" на Државниот завод за ревизија заклучно со 31 декември 2017 година, како и неговите приходи и расходи за годината којашто завршува тогаш во согласност со Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници, Правилникот за сметководството на буџетите и буџетските корисници и Правилникот за примена на Меѓународните сметководствени стандарди за јавниот сектор на готовинска основа.

THE POWER OF BEING UNDERSTOOD
AUDIT | TAX | CONSULTING

РСМ МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје е член на РСМ мрежата и тргува како РСМ. РСМ е трговското име кое се користи од страна на членките на РСМ мрежата. Секој член на мрежата РС
независно друштво кое работи согласно своите доделени права и обврски. Мрежата РСМ самата не е посебно правно лице во ниедна јурисдикција

RSM

РСМ МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје
Даме Груев 8, 1000 Скопје, Р. Македонија
T+389 (0)2 3233 301
T+389 (0)2 3233 302
Ф+389 (0)2 3216 186
www.rsmmk.mk

Извештај за други правни и регулативни барања

Во согласност со Законот за државна ревизија, Државниот завод за ревизија има обврска да изготвува годишен извештај за извршените ревизии и за работата на Државниот завод за ревизија.

Наша одговорност во согласност со Законот за ревизија е да изразиме мислење во врска со конзистентноста на годишниот извештај за работа со годишната сметка и финансиските извештаи за истата година.

Мислење

Според наше мислење, податоците во годишниот извештај се конзистентни со оние во годишната сметка и финансиските извештаи на Државниот завод за ревизија за 2017 година.

Скопје, 07 јуни 2018 година

Овластен ревизор
Миле Ниневски

Друштво за ревизија
РСМ МАКЕДОНИЈА Скопје

RSM
Друштво за ревизија РСМ МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје

РСМ МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје е член на РСМ мрежата и тргува како РСМ. РСМ е трговското име кое се користи од страна на членките на РСМ мрежата. Секој член на мрежата е независно друштво кое работи согласно своите доделени права и обврски. Мрежата РСМ самата не е посебно правно лице во ниедна јурисдикција.

БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ

во денари

Опис на позицијата	Образложение	Буџет 2017	Реализирано 2017	Реализирано 2016
Приходи				
Трансфери и донации	3.1.	9.775.000	9.929.099	15.384.980
Вкупно приходи		**9.775.000**	**9.929.099**	**15.384.980**
Расходи				
Тековни расходи	3.2.			
Стоки и услуги	3.2.1.	5.727.000	5.727.000	3.100.453
Вкупно тековни расходи		**5.727.000**	**5.727.000**	**3.100.453**
Капитални расходи				
Капитални расходи	3.3.	4.048.000	4.048.000	2.436.200
Вкупно капитални расходи		**4.048.000**	**4.048.000**	**2.436.200**
Отплата на главнина				
Вкупно расходи		**9.775.000**	**9.775.000**	**5.536.653**
Нереализирани средства од буџетот		**-**	**154.099**	**9.848.327**
Даноци, придонеси и други давачки од вишокот на приходи - добивка пред оданочување				
Нето вишок на приходи - добивка по оданочување		**-**	**154.099**	**9.848.327**

Скопје, 09.03.2018

Раководител на сектор за финансиски прашања
Блага Николова

Заменик главен државен ревизор
Насер Адеми

БИЛАНС НА СОСТОЈБА

во денари

Опис на позицијата	Образложение	2017	2016
Актива			
Тековни средства	4.1.		
Жиро сметка	4.1.1.	154.099	9.848.327
Побарувања од вработените	4.1.2.	-	-
Активни временски разграничувања	4.1.3.	-	1.832.200
Вкупно тековни средства		**154.099**	**11.680.527**
Постојани средства	4.2.		
Нематеријални средства	4.2.1.	6.984.323	6.551.109
Материјални средства	4.2.2.	2.714.246	2.173.561
Вкупно постојани средства		**9.698.569**	**8.724.670**
Вкупна актива		**9.852.668**	**20.405.197**
Вонбилансна актива			
Пасива			
Тековни обврски	4.3.		
Краткорочни обврски спрема добавувачи	4.3.1.	-	1.832.200
Пасивни временски разграничувања	4.3.2.	154.099	9.848.327
Вкупно тековни обврски		**154.099**	**11.680.527**
Долгорочни обврски			
Извори на средства	4.4.		
Извори на капитални средства	4.4.1.	9.614.683	8.724.670
Ревалоризациона резерва		83.886	-
Вкупно извори на деловни средства		**9.698.569**	**8.724.670**
Вкупна пасива		**9.852.668**	**20.405.197**
Вонбилансна пасива			

Скопје, 09.03.2018

Раководител на сектор за
финансиски прашања
Блага Николова

Заменик главен државен ревизор
Насер Адеми

Државен завод за ревизија
Палата „Емануел Чучков“
ул. „Јордан Мијалков“,
1000 Скопје
Тел: +389 2 3211 262
Факс: + 389 2 3126 311
e-mail: dzr@dzr.gov.mk
www.dzr.mk